ДОДАТОК V

РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ

Додаток V

РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ

СОДРЖИНА

V.1. Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи во рудник “САСА” 5

V.1.1. Магацин за експлозиви и детонатори 6

V.1.2. Главни магацини за експлозиви и детонатори 6

V.1.3. Јамски магацини за експлозивни средства..... 6

V.1.4. Складирање на горива и мазива 7

V.1.4.1. Станица за складирање и дистрибуција на масла 7

V.1.4.2. Бензинска пумпа..... 9

V.1.4.3. Складиште за Пропан – Бутан..... 11

V.1.4.4. Бетонска база 11

V.1.5. Други складишта во рудник “САСА” 14

V.1.5.1. Складишта за откопана руда 14

V.1.5.2. Складишта за издробена руда 14

V.1.5.3. Одделение за реагенси 14

V.1.5.4. Складиште за хемикалии 15

V.1.5.5. Погонска лабораторија 15

V.1.5.6. Силоси за цемент 18

V.1.6. Транспортни системи во рудник “САСА”..... 19

V.2. Ракување со влезни материјали, полупроизводи и меѓупроизводи 20

V.3. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталацијата.....21

V.3.1. Други фракции на отпад (што не се отпад од минерални суровини) и управување на цврст и течен отпад во рудник “САСА”..... 25

V.3.1.1. Опасен отпад..... 31

V.3.2. Неопасен отпад 32

V.3.3. Одложување на отпадот во границите на инсталацијата 33

V.3.3.1. Магацин за општ отпад 34
V.3.3.2. Ново складиште на одредени фракции на неопасен отпад..... 35
V.3.3.3. Склад за опасен отпад..... 36
V.3.3.4. Контејнери за комунален отпад..... 40
V.3.3.1. Собирни пунктови за PET амбалажа..... 41
V.3.3.2. Собирни пунктови за отпадни батерии 41
V.3.3.3. Хидројаловиште бр.3 – 2 и Хидројаловиште бр. 4 42
V.3.3.3.1. Заполнување на празните откопани простори во јама со паста..... 46
V.3.3.3.2. Суво одлагање на јаловина на Инсталацијата за суво одлагање во рамките на рудник Саса 48

ПРИЛОЗИ

Прилог 1 Шематски приказ на бензинска станица..... 56
Прилог 2 Пресек на мобилна бетонска база..... 58
Прилог 3 Шема со локации за складирање на отпад во рамките на општиот склад за отпад 59
Прилог 4 Магацин за опасен отпад 60
Прилог 5 Мапа на локации на поставени сетови за реагирање во случај на истекување на отпадни и опасни материи со финално место на одлагање..... 63
Прилог 6 Записник од контролно испитување на хидрантска мрежа во рудник „Саса“ Бр.027-06/2022 64
Прилог 7 Потврда за сервисирани рачни ПП апарати лоцирани на објекти на површина бр.025-06/2022..... 72
Прилог 8 Записник од извршено контролно испитување на ПП систем со аеросолни генератори и ПП апарати инсталирани на јамска механизација..... 83
Прилог 9 Записник од извршено контролно испитување на полуавтоматски систем за гасење на пожар тип Ансул и ПП апарати инсталири на јамска механизација бр.047-09/2022..... 88
Прилог 10 Записник од реализирана контрола на исправност на автоматски систем за гасење на пожар инсталирани во објекти на површина и во јама бр.042-09/2022..... 96
Прилог 11 Записник од реализирана контрола на исправност на автоматски систем за детекција на пожар – адресибилни централи бр.041-09/2022..... 101
Прилог 12 Шема на складишта за отпад во рамките на инсталацијата..... 106

Прилог 13 Регистарски броеви на Лиценца/ дозвола на претприемачи за собирање на отпад од рудник САСА ДООЕЛ и датум на истекување на важечки дозволи 107
Прилог 14 Договор со компанијата “НУЛА ОТПАД” ДОО Скопје за собирање на отпадни батерии и акумулатори 108
Прилог 15 Договор со ДТ “Ивал-трејд”- Штип 111
Прилог 16 Договор со ЈП „Камена Река“ 115
Прилог 17 Договор помеѓу Рудник Саса ДООЕЛ Македонска Каменица и ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје 116
Прилог 18 Договор за обезбедување услуги во заштита на животната средина помеѓу ФПМ Минол Дооел Штип и Рудник САСА 131
Прилог 19 Договор со ДППУ Ал-Комерц Доо увоз-извоз Скопје и Рудник САСА 141
Прилог 20 Договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување помеѓу Алпак – Еко Доо Скопје и Рудник САСА 150

V.1. Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи во рудник "САСА"

За непречено одвивање на процесите во рудник "САСА" (експлоатација на руда, флотација - добивање на селективен Pb Концентрат и Zn концентрат, добивање на паста за заполнување и сува јаловина) и лабораторијата на рудникот (испитувања на квалитетот на рудата и концентратот и процесот на флотација) неопходна е набавка на суровини и нивно соодветно складирање. Во рудникот "САСА" складирањето на суровините, меѓу производите и производите се врши во посебни простории. Сите се изградени и се одржуваат согласно карактеристиките на материјалот кој таму се складира и истите се опремени со ПП Апарати кои редовно се сервисираат и одржуваат. Рудникот има склучено Договор со Друштвото за сервисирање на противпожарна опрема и инсталации "Пастор Универзал" дооел Скопје (забелешка сега преименуван во Огнопротект) за сервисирање и одржување на ПП апарати, (Записник од сервисирани рачни ПП апарати лоцирани на објекти на површина е дадена во Прилог 7. Записник од извршено контролно испитување на ПП систем со аеросолни генератори и ПП апарати инсталирани во јамска механизација даден во Прилог 8.

Ископаната руда пред да се однесе на преработка привремено се складира на сипка од каде понатаму се врши нејзино транспортирање. Бункерот за складирање на ископаната руда има капацитет од 250 t.

Исто така, за одвивање на активностите во рудник "САСА" потребни се експлозивни средства, горива и мазива и за нивно складирање во рудничкиот комплекс се изградени бензинска пумпа и магацини. Сите овие објекти се оградени и обезбедени и во нив има пристап само овластено лице.Прилог 3

Во рудник Саса е вграден автоматски систем за гасење на пожар во јама на сите трафостаници и разводни постројки, во сите магацини за горива и мазива, како и во магацинот за експлозивни материи во јама, инсталирани системи за автоматска дојава и автоматско и полуавтоматско гасење на пожар во надворешните погони и објекти, вграден полуавтоматски систем за гасење на пожар на јамската опрема (Записник од извршено контролно испитување на полуавтоматски систем за гасење на пожар тип ансул и пп апарати инсталирани на јамска механизација спроведено во септември 2022 е даден во Прилог 9, Записник од реализирана контрола на исправност на автоматски систем за гасење на пожар инсталирани во објекти на површина и во јама спроведено во септември 2022 е даден во Прилог 10, како и Записник од реализирана контрола на исправност на автоматски систем за детекција на пожар – адресибилни централи спроведено во септември 2022 е даден во Прилог 11).

Експлоатираната руда со дробење се доведува до одредена гранулација и во таква форма се складира во 5 бетонски силоси (еден силос со 1.500 t капацитет и четири

силоси со поединечен капацитет од 500 t т.е. вкупен капацитет за прифаќање на издробена руда од 3.500 t. Во овие силоси се врши привремено складирање на издробената руда од каде по транспортни ленти се носи до мелници за мелење. Овој начин на складирање се користи поради процесот на флотација (во кој се одвојуваат оловото и цинкот) каде е потребно континуирано додавање на руда во мелниците.

При процесот на флотација преку мелењето рудата во мелниците се спроведува и нејзино класирање и со помош на реагенси се издвојуваат оловото и цинкот од рудата кое после издвојување на водата претставува готов производ – оловен и цинков концентрат.

V.1.1. Магацин за експлозиви и детонатори

Рудникот "САСА" располага со магацини за експлозиви и детонатори кои се распоредени на неколку локации во рамките на рудникот:

- Главни магацини за експлозиви и детонатори,
- Јамски магацин за експлозивни средства на Хоризонт XIVб.
- Главните магацини за експлозиви и за детонатори се лоцирани на површина со меѓусебна оддалеченост околу 80m.
- Главниот магацин за експлозивни средства се состои од две комори со вкупна површина од 100m²,
- Главниот магацинот за детонатори е со површина од 50m².

V.1.2. Главни магацини за експлозиви и детонатори

Главните магацини се под земја, а просториите во магацините се подградени со бетонска облога. Изведена е изолација за да се спречи продор на вода во магацините.

Во магацините се преземени сите неопходни мерки за безбедност од запалување и детонација и со нив управуваат обучени лица. Магацините се опремени со средства за гасење на пожар: ПП - апарати, буре со песок, алат и систем за автоматска дојава и автоматско и полуавтоматско гаснење на пожар.

V.1.3. Јамски магацини за експлозивни средства

Во подземните простории има јамски магацин за експлозивни средства на хоризонт XIVб, изработен согласно одобрен проект. Магацинот е подграден со анкери и прскан бетон и има соодветна заштита од продор на вода. И овој магацин е опремен со средства за гасење на пожар: ПП - апарати, буре со песок и алат. Во секоја смена има задолжено обучено лице за прием, издавање и контрола на потрошувачка на експлозивните средства. При спроведување на транспортот и приемот на експлозивните средства се запазуваат строгите критериуми и постапки согласно нивните карактеристики (обезбеден чист и прооден пат и пристап, соодветно исправно

возило, забрана за транспорт на лица и нивно движење додека се транспортираат експлозивите, посебно транспортирање на експлозивите и електричните детонатори (електрични детонатори и неелектрични детонатори).

Транспортот на експлозивни средства од хоризонтите до јамските складови се врши со минка, дизел утоварувач. Особено е потребно да се внимава да не се врши претоварување на експлозив над капацитетот на транспортното возило и строго се забранува заедно превезување на експлозив и капислі (Вагони веќе не се користат за транспорт на експлозив).

Одговорните лица за експлозивни средства имаат обврска да водат евиденција на примени и издадени експлозиви преку пополнување на Дневен Извештај.

Стручно оспособени лица за ракување со експлозивни средства со положен стручен испит вршат ракување со експлозивни средства. Лицата кои не се обучени за ракување со експлозивни средства може само да ги пренесуваат, товараат, растовараат и сместуваат во магацин.

V.1.4. Складирање на горива и мазива

Горивата се складираат на бензинска пумпа и јамски магацини за горива (во цистерни).

Мастите и маслата за подмачкување во оригиналната амбалажа односно во метални буриња се складираат на бензинската пумпа поставени на бетонска подлога, а во јама во магацин за масла и мазива на хор. 990 (блок 2, етажа -14), хор.910 (блок 2, етажа 0), КСР 910-830 (блок 2). Преточувањето на мастите и маслата за подмачкување се врши на метална подлога со присуство на испустен вентил за собирање на евентуалното истекување на масло при претурање. Бензинската пумпа е опремена со ПП – апарати, буре со песок и систем за автоматска дојава и автоматско и полуавтоматско гаснење на пожар.

V.1.4.1. Станица за складирање и дистрибуција на масла

За потребите на сервисната работилница Епирок, во која се сервисираат возилата и механизацијата на рудникот, ставена е во функција станица за складирање, преточување и дистрибуирање на масла кои се користат за поправка на возилата и целокупната механизација која се користи во Рудник „САСА“.

Тлото на станицата за складирање се состои од решеткаст под кој има танквана предвидена за прифаќање на маслата во случај на истекување од садовите.

Како што се гледа на фотографиите садовите со масла се поврзани со систем преку кој се испумпуваат масла од станицата за складирање, преточување и дистрибуција до станицата за масла која се наоѓа во сервисната работилница за

поправка на возилата и целокупната механизација. На овој начин значајно се минимизирани влијанијата врз животната средина.,. Со поставувањето на пумпната станица за масла, намалена е потрошувачката на масла и работникот може директно да ракува со масла онаму каде е потребно, без користење на дополнителни садови.

Маслата се пакувани во бурија од по 200 L и IBC контејнер од по еден тон. Маста е пакувана во канти од 18 kg и бурија од 185 kg. Маслата кои се користат во станицата за преточување на масла се:

- Масло SAE 10 W-30 трансмисионо
- Масло HYD46- хидраулично масло
- Антифриз
- Маст за подмачкување
- Масло SAE 15W-40 моторно масло
- Масло SAE 30W-TO4- трансмисионо
- Масло SAE 85W-140- Редукторско

Слика 1 Надворешен изглед на станица за складирање и дистрибуирање на масла

Слика 2 Внатрешен изглед на Станица за складирање на масла и нивно преточување за потребите на сервисна работилница Epiroc и приказ на решетка

Слика 3 Пумпна станица за преточување на масла во сервисна работилница Epiroc

Шематскиот приказ на станицата за складирање, дистрибуција и преточување на масла во рамките на сервисната работилница е даден на следната слика.



Слика 4 Шематски приказ на Станицата за складирање, дистрибуција и преточување на масла

V.1.4.2. Бензинска пумпа

Бензинската пумпа е лоцирана пред влезот на рудник САСА, оградена е со мрежа, е од затворен тип и се користи само за потребите на рудникот. Во оградениот простор има две делумно наткриени пумпи за точење на нафта кои се поврзани со два подземни резервоари за нафта едниот 15m^3, а другиот 20 m^3 или вкупна зафатнина 35 m^3 и објект со простор за вработени како и наткриен простор за складирање на моторни масла и мазива. Апаратите се баждарени и пломбирани со записник од страна на “Макпетрол” АД Скопје. Нафтата која се користи е тип Euro Diesel 4 служи за потребите на механизацијата и се складира во резервоарите на бензинската пумпа во рудник “САСА”. Бензинската пумпа има две цистерни (подземни резервоари) со вкупен

капацитет од 35.000 l нафта кои се поставени согласно стандарди за ваков тип на апарати и два апарати за точење на нафта.

Бензинската станица овозможува задоволување на законската регулатива за противпожарна заштита и безбедност при работа, а истовремено полесен и порационален пристап на возилата со формирање на кружно движење кое придонесува до побрзо и полесно пристигнување и заминување на возилата со минимални маневри, истата е покриена со настрешницата за заштита на пумпите.

Во внатрешниот простор има канцеларија, целосно затворен магацински дел за складирање на средства и препарати за одржување на возниот парк на Рудник САСА и санитарен чвор за вработени поврзан на водоводна и канализациона мрежа, со нов кровен покривач.

Настрешницата е изведена од челична конструкција и покриена со термоизолиран кровен панел во наткриениот простор кој се користи како магацин за моторно масло поставен на бетонска подлога со адитиви за отпорност на горива и моторни масла. Поседува и бетонско корито 20см под нивото на теренот со собирна шахта во случај на излевање на масло при ракување со истото. Со регулирање на начинот на чување на маслото и формирање на бетонско корито со собирна шахта се спречува можноста од нерегулирано излевање на маслото и загадување на почвите и водите.

Во делот планиран за дистрибуција на моторни масла и просторот каде се врши полнењето на подземните резервоари и околу пумпите за точење, поставена е подлога од бетон со адитиви за отпорност на горива и моторни масла.

Бензинската е заградена со ограда и автоматизирани врати за регулиран влез и излез.

Бензинската пумпа е опремена со два ПП - апарати S-9, S-50 и буре со песок, сетови за рекација во случај на истекување на масти и масла и грануларни апсорбенти, како средства за интервенирање при настанување на инцидент или хаварија.

Нафтата од бензинската пумпа се користи за потребите на механизацијата на поедините хоризонти се транспортира и складира во магацините на гориво и мазиво кои што ги има на секој хоризонт. Во подземните простории (јами) има јамски магацини за гориво и мазиво.

За превоз на нафтата за потребите на хоризонтите се користи цистерна специјално изработена за таа намена. Мазивата се пакувани во стандардни лимени буриња од по 20kg.

Графички приказ на бензинска пумпа и Записник од баждарење на апаратите на бензинска пумпа се дадени во Прилог 1.

V.1.4.3. Складиште за Пропан – Бутан

Магацинскиот простор кој е наменет за складирање на полни и празни боци за Пропан - Бутан се наоѓа спроти главниот магацин на Рудник „САСА“. Во близината на овој магацински простор нема никакви лесно запалливи материјали. Магацинот е ѕидан т.е. тврда градба и е на еден метар над нивото на земјата. Има направено посебен пристап од задната страна кој служи за утовар и истовар на боците со Пропан - Бутан. Боците за Пропан - Бутан се со капацитет од 10kg и 35kg.

Во истиот магацински простор се складирани и полни и празни боци за Ацетилен, кислород и јаглерод диоксид.

V.1.4.4. Бетонска база

Постројката за подготовка на мешан бетон (бетонска база) е исклучиво за потребите на Рудник “САСА”.

Постројката е придружен, неразделен дел на технолошкиот процес за ископ на руда. Бетонската мешавина, подготвена од Постројката, примарно се употребува за изработка на армирано-бетонски школки за санација и потпирање на ѕидовите на рудничките окна и за заполнување на искористените и непотребните подземни ископи.

Заради реализација на проектот за суво одлагање, постојната бетонска база која зафаќа дел од површината предвидена за изградба на инсталацијата за суво одлагање ќе биде демонтирана и ќе се постави нова мобилна бетонска база со зголемен капацитет на производство на бетон. Мобилната бетонска база која се планира да се постави ќе биде во близина на локацијата на постојната бетонска база лоцирана на 500 m од влезот на рудник “САСА”, на 200 m пред бензинската станица.

Изгледот на новата мобилна бетонска база е прикажан на Слика 5.



Слика 5 Изглед на мобилна бетонска база

Локацијата за поставување на објектот (мобилна бетонска база) е во комплексот на Рудник САСА, на локација предвидена со Урбанистичката планска документација и согласно плановите на Компанијата.

Функционални единици

1. Постројката е од модуларен (контејнерски) тип, и се испорачува од производителот во функционално комплетни основни модули, кои се составуваат на претходно подготвени постаменти (бетонски и/или армирано-бетонски темели) на одбрана локација. Трите основни составни модули се:

- Модул за подготовка на бетонска мешавина

Модулот се состои од фабрички подготвена шасија од челични профили на која се монтирани/монтираат сите погонски елементи, мерни уреди (ваги-дозери), подвижни транспортни ленти, приемни резервоари (бункери) за вода и агрегати, мешалка за бетонска смеша, уред за празнење на готова мешавина.

- Силос за цемент

Силосот е конструкција од челични профили на кои се потпира вертикален цилиндричен резервоар изведен како метална лушпа од челични плочи. Силосот е со капацитет 75t цемент.

- Команден модул

Самостојна кабина за персонал, фабрички подготвена со рамки од челични профили, обложени со метални, застаклени, панели и опремена со командни инсталации.

2. Постројката се поставува и монтира на темелна конструкција (постаменти) од бетонски и армирано-бетонски елементи кои се изработуваат на лице место, посебно за соодветната постројка според претходно направен Проект за темелна конструкција.

Бетонските елементи се димензионирани и ќе се изработат така да ги прифатат сите статички и динамички напрегања/товари (дадени од производителот) и да обезбедат стабилност во согласност со гео-механичките карактеристики и услови на тлото на точно избраната локација.

3. Помошни објекти

- пристапни рампи за дотур на материјал
- бункери за агрегат

Технички карактеристики

Постројката е класифицирана како мала фабрика за подготовка на Бетон, со следните карактеристики:

- Капацитет на постројката готов бетон 30 m^3/час, 60 циклуси/час
- Капацитет на мешање

Капацитет на миксерот 0,5 m^3, сув капацитет 0,75 m^3, готов бетон 0,5 m^3, силина на мотор 18,5 kW.

Изведба и материјали

Подготвителните работи започнуваат со ископ на локален земјен материјал во количини предвидени да овозможат подобрување на тлото под темелните конструкции. Постројката треба да се подигне на локација која се наоѓа врз насип. Заради стабилност на објектите на Постројката, се изведува подобрување на тлото со изработка на нов, носив тампонски слој од точно класифициран материјал, комбиниран со гео-мембрани.

Врз подготвената тампонирана подлога, во градежната јама се изведуваат масивни постаменти од армиран бетон, порамнети со околниот терен, кои служат како бетонски под врз кој ќе се издигне Постројката.

Постројката од контејнерски тип, е од челична скелетна конструкција, во која е вградена целокупната технологија/апаратура за подготовка на бетонска мешавина.

Технологијата за подготовка на бетонска мешавина како суровини користи:

- дробен камен - мешавина со точно одредена класификација и гранулација, која се набавува од каменолом
- цемент – кој се набавува од соодветен производител
- техничка вода (неагресивна) – преку приклучок на соодветната постоечка водоводна мрежа во комплексот на Рудник “САСА”.

За непречена работа на Постројката неопходни се складирани залихи на дробен камен (агрегат) за чие складирање ќе се изведат оградени, отворени бункери, најмалку два, во непосредна близина на Постројката.

Дотур на агрегатот ќе се врши со моторен утоварувач, преку пристапна рампа, до висина од 2,5 m над теренот. Пристапната рампа е земјана, набиена помеѓу странични армирано-бетонски ѕидови.

Во процесот на работа Постројката користи електрична енергија за потребите на сите погонски и командни делови. Снабдувањето со електрична енергија е со приклучок на постојната електроенергетска мрежа на Рудник САСА.

Пресек на мобилната бетонска база е прикажан во0 Прилог 2.

Табела 1Технички карактеристики на бетонската база модуларен (контејнерски) тип:

Опис на опремата	Капацитет
Постројка за подготовка на бетон	30 m^3/h
Мешалица	500 L
Вага за цемент	300 kg
Вага за вода	160 kg
Транспортер за цемент	300 kg
Сув капацитет	0,75 m3
Мотор	18,5 kW

Добиениот бетон во бетонската база се складира во силос со капацитет од 75 тони. Исто така на оваа локација се складираат и суровините потребни за негово производство. Капацитетот на новата бетонската база (модуларен контејнерски тип) за производство на бетон изнесува 30 m^3/h. За производство на бетон се употребуваат дробен камен, цемент и техничка вода.

Во 2021 година се произведени вкупно 4806,58 m^3 шприц бетон.

За потребите на рудникот се подготвува мешан бетон за изработка на армирано-бетонски школки за санација и потпирање на ѕидовите на рудничките окна и за заполнување на искористените и непотребните подземни ископи.

V.1.5. Други складишта во рудник "САСА"

V.1.5.1. Складишта за откопана руда

Складиштето за ископана руда е лоцирано на плато кај горна управна зграда (бункер за прифаќање на изнесената руда од јама), со капацитет од 250 тони.

V.1.5.2. Складишта за издробена руда

Пред влезот во флотација се лоцирани пет бетонски силоси во кои се складира издробената руда. Еден е со капацитет од 1.500 тони и четири силоси со поединечен капацитет од 500 тони, т.е. вкупен капацитет за прифаќање на издробена руда од 3.500 тони.

V.1.5.3. Одделение за реагенси

Во магацинот за припрема на реагенси се сместени по два резервоара (еден над друг) за секој додаток во флотација кој се користи. Просторот во магацинот е поделен на два дела, помал каде се сместени резервоарите за NaCN, и друг поголем дел каде

се сместени резервоарите за другите реагенси. Во одделението за реагенси се врши вентилирање на двата одвоени простора со два вентилатора. Со еден вентилатор се врши вентилирање на просторот над резервоарот со NaCN, додека со другиот вентилатор се врши вентилирање на просторот над резервоарите од сите други реагенси.

Потребните раствори на реагенсите се добиваат со мешање на соодветни количини од реагенсите и вода во садови со мешачи со зафатнина од 4m^3. Добиените раствори се преточуваат во садови за чување на дневни количини со зафатнина од 7,5 m^3. Само пенливецот Дауфрот е во течна состојба и лесно растворлив во вода, па затоа за него не се користи сад со мешач, туку тој директно се преточува од буре во сад за чување на дневни количини со зафатнина од 1 m^3. Зафатнините на избраните садови за растворање и чување на дневните количини на реагенси, одговараат на потребите.

V.1.5.4. Складиште за хемикалии

По набавка на хемикалиите кои се користат во Лабораторијата за анализа на пробите, истите со транспортно средство се носат во специјално наменета просторија за складирање. Магацинот е подрумска просторија во склоп на Лабораторија за хемиска анализа. Во магацинот хемикалиите се наместени на полици и покрај секоја хемикалија е идентификувано која е таа хемикалија. Одредени хемикалии се чуваат во пластични кутии, стаклени шишиња и пластични бурија од 50kg.

Заради безбедност на вработените кои влегуваат во магацинот за хемикалии, во магацинот има вградено систем за вентилација, за кој постои наредба веднаш по влегувањето во просторијата да се вклучи, а задолжително е и ставање заштитни маски при самото влегување во магацинот за хемикалии. Доколку се врши претурање на киселини и амонијак од поголеми во помали бурија, се користат специјални пумпи за киселини (рачни или електрични). Влезот од магацинот е означен со знак и предупредување дека внатре се чуваат хемикалии.

Досега не се регистрирани настанати хаварии и истекувања од лабораторијата која би претставувала ризик по здравјето на луѓето и животната средина.

V.1.5.5. Погонска лабораторија

На почетокот на 2019 година во рамки на ОЕ Флотација опремена е и пуштена во работа е Погонската лабораторија која е сместена на приземјето во објектот Хемиска лабораторија.

Погонската лабораторија има функција за следење на технолошките параметри кои се важни за тековното работење на погонот Флотација, оптимизација на процесите, реагентниот режим како и воведување на алтернативни флотациски реагенси,

поефикасни во насока на подобрување на зададените параметри но и поголема заштита на животната средина.

Слика 6 Погонска лабораторија

Опремата во рамки на погонската лабораторија е следната:

- Лабораториска флотациска машина;
- Лабораториски млин со шипки;
- Лабораториски млин со кугли;
- Тресалка за мокро сеење;
- Тресалка за суво сеење;
- Печка за сушење на проби;
- Лабораториски стационарен pH-метар;
- Лабораториски сита, мензури, пипети итн.

Слика 7 Ударно-ротациона тресалка за суво просејување (дел од опремата во погонската лабораторија)

Погонската лабораторија служи за правење на ситови анализи, за одредување на застапеноста на поодделните фракции на проби од флотација, дробење и

хидројаловиште на редовна основа, како сменски, дневни и неделни композити, како и на вонредни проби. Тука се вклучени ситови анализи на проби од излез од млиновите со шипки и кугли, преливот од спиралните класификатори, истекот од флотација, концентрати на олово и цинк, прелив и песок од хидроциклоните во погонот флотација, како и анализи на проби од преливот и песокот од хидроциклоните на флотациско хидројаловиште. Пробите најпрво се сушат, се мери почетната маса на пробата, се просејува со мокра постапка на сито од 38 μm со помош на специјална тресалка со висока фреквенција, повторно се суши отсевот и се просејува на останатите сита со сува постапка со помош на удрано – ротациона тресалка. На крај се мери масата на отсевот од секое сито и се пресметува учеството на секоја фракција поединечно.

Во погонската лабораторија исто така се приготвуваат репрезентативни композити на проби од Флотација, вклучително дробење, мелење, флотирање и хидројаловиште, но исто така и од Рудник, заради понатамошно спроведување на тестови во самата Погонска лабораторија или испраќање во надворешни лаборатории.

Лабораториските млинови со шипки и со кугли се користат за одредување на кривата на мелливост на пробите, подготовка на пробите за спроведување на флотациски тестови, влијанието на степенот на измеленост на суровината како и влијанието на домелувањето на меѓу производите во процесот на флотирање на параметрите во технолошкиот процес.

Слика 8 Лабораториски млин со шипки (дел од опремата во погонската лабораторија)

Кај мелењето на пробите се мери потребната количина на проба која треба да се меле, со става во млинот, се додава потребната количина на вода, се затвара вратичката од млинот, млинот се поставува на ролните и се пушта во работа. По истекот на предвиденото време за мелење млинот се исклучува, пробата се собира и се постапува соодветно во зависност од предвидените понатамошни тестови.

Флотациските тестови се вршат со цел подобрување на перформансите на технолошкиот процес флотирање, со оптимизација на клучните параметри – ослободеност на минералната суровина, реагенсен режим, pH вредност, време на кондиционирање, време на флотирање итн. Понатаму, да се утврди однесувањето на суровината која во иднина ќе се експлоатира од рудното наоѓалиште, преку земање на проби од јадрото од истражно дупчење и нивно тестирање во погонската лабораторија со цел изнаоѓање најоптимални услови за нејзина преработка и остварување најдобри перформанси.

Значаен аспект кај спроведувањето на лабораториските флотациски тестови е испитувањето на алтернативни флотациски реагенси, кои имаа значително помало штетно влијание врз здравјето и животот на вработените и врз животната средина во споредба со постоечките кои се користат, како подобрување на перформансите на технолошкиот процес, во поглед на поголемо искористување на корисната компонента и повисок квалитет на произведените концентрати.



Слика 9 Лабораториска флотациска машина (дел од опремата во погонската лабораторија)

V.1.5.6. Силоси за цемент

За непречено функционирање на станицата за подготовка на паста ќе бидат инсталирани два силоси за цемент во кои ќе се складира цементот и со автоматски дозери ќе се префрла во континуираниот миксер. Силосите имаат стандарден дизајн за прашкасти материи, како што е цемент, без дополнителни измени. Секој силос ќе биде монтиран на сет мерни ќелии за да обезбеди информација за количеството на складиран цемент. Силосите ќе бидат поставени веднаш до Станицата за паста и ќе бидат изработени од јаглероден челик, со висина од 10,26 m и дијаметар од 4,2 m, обезбедувајќи вкупен волумен од 120,5 m^3 за секој силос засебно.

Со цел да се спречат какви било емисии на прашина од силосите, ќе се вградат соодветни врекести филтри на врвот на силосите, со способност да задржат приближно 99,95 % од емисиите на прашина. Собраната прашина ќе биде вратена во силосите за понатамошна употреба.

Слика 10 Типични силоси за цемент

Целиот процес ќе се одвива на покриена површина (бетонирана или асфлатирана), така што секое потенцијално истекување или излевање на цемент ќе се собира без никакво влијание врз околината.

V.1.6. Транспортни системи во рудник "САСА"

Транспортот во рудник "САСА" се одвива со камиони и шини.

Камионскиот транспорт се врши локално на хоризонт 910 до рудните сипки (830-910) и транспорт кон надвор до приемниот бункер. Транспортот се врши со 5 јамски камиони со носивост од 20 t.

Шинскиот транспорт се одвива по хоризонт 830 со помош на Тролеј и Аку локомотиви до бункерот на хоризонт 830, а потоа со помош на скип се извезува до бункер 988 и нископска лента до погонот за дробење на рудата.

Во рамки на рудникот се застапени следните системи:

- цевководи со пумпи од одделение за реагенси до флотација, од флотација до згуснувач и Станица за паста, од флотација до филтер станица и од флотација до хидројаловиште и враќање на процесната вода до флотација за користење во процесот,
- ретикулационен систсем за транспорт на пастата до откопаните празни простори,
- транспортни ленти за пренос на руда од бункер при излез од рудник до погон флотација (силоси, дробење, мелење) и транспортна лента за пренос на сувата јаловина од Постројката за суво одлагање до магацинот за времено складирање.

Во рудникот “САСА” за транспорт на суровини, меѓупроизводи и производи се користат: машини за товарење, јамски камиони, дупчалска опрема, помошна опрема, тролеј локомотиви за изнесување на руда, камиони за изнесување на руда, џипови, утоварувачи, оклопни возила за превоз на работници во јама, грејдер машина за одржување патишта во јама, цистерна за танкирање нафта во јама, платформи за осигурување на работните места со кавање и работа на висина.

При изработка на нископот за товарење и одвезување на јаловиот материјал се користи комбинација од товарно-транспортна машина и јамски камион. Поради рационално искористување на механизацијата, предвидено е изработка на комори на растојание од 150 m. Првата комора е изработена на растојание од 290 m од влезот на нископот, а втората комора на растојание од 170 m во однос на првата.

Во овие комори товарно-транспортна машина привремено го истоварува материјалот кој е добиен при изработка на нископот, а во одреден временски период кога на челото се врши дупчење и подградување, ќе се врши товарење на овој материјал од комората во јамскиот камион. Ова двојно товарење на материјалот со товарно-транспортна машина е неопходно со цел навремено завршување на сите работни операции во смената и изработка на нископот согласно предвидената динамика. Должината на овие комори изнесува 14 m, и во истите е предвидено маневрирање на јамски камион тип Epiroc - MT2200, како и товарно-транспортна машина тип Epiroc - Scooptram ST7.

V.2. Ракување со влезни материјали, полупроизводи и меѓупроизводи

Ракувањето со влезните материјали, полупроизводи и меѓупроизводи во рудник “САСА” се врши на различни начини во зависност од процесот во кој се добиваат.

Експлоатацијата на руда се врши со користење на експлозивни средства со чија помош се разрушува минералот и машини за ископ. Ископаната руда се носи од јамските простории до прифатниот бункер од каде се изнесува со транспортен систем на ленти до погонот за дробење, од каде оди во силоси и преку транспортни ленти се дозира во мелници.

Мелење на рудата до 74 μ се врши во четири мелници со вода и додатоци, а потоа преку класификатори се прави поделба на фино сомелен материјал и материјал кој треба да се домели. Фино сомелениот материјал со цевководи и пумпи се носи во флотација каде се врши разделување на прелив и истек на материјалот на повеќе позиции. Во првиот дел се внесуваат реагенси за одвојување на оловото кое е горе, додека во вториот дел се одвојува цинкот кој е доле. Со повеќестепено одделување на прелив и истек се постигнува добивање на обогатен материјал со олово и цинк. Преку цевководи и пумпи материјалот се одведува на две одвоени преси каде се раздвојува

водата од оловниот и цинковиот концентрат. Готовиот производ се носи на бетонско плато од каде со утоварувачи се товари и транспортира во камиони до крајниот корисник.

Реагенсите кои се користат во флотација се раствараат во вода во одделение за реагенси, во припремни резервоари и подготвен раствор за потребите на флотација. Јаловината од ископ на руда се одложува на Хидројаловиште бр.4 фаза, за низводната ножица на браната на ХЈ4 и за стабилизација и нивелација на таложното езеро на ХЈ 3.2. Флотациската јаловина се носи преку пулповод до таложното езеро на активното хидројаловиште бр.4. Со промена на методата на откопување во откопување со заполнување со паста и суво одлагање, дел од создадената флотациска јаловина ќе се носи во Станицата за припрема на паста, а дел во постројката за суво одлагање, а од таму на Инсталацијата за суво одлагање.

V.3. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталацијата

Во рудник "САСА" како резултат на процесите и активностите кои се одвиваат, се генерираат различни видови на отпад. Активностите вклучуваат: експлоатација на руда, нејзина преработка, транспорт, привремено складирање се до испорака до финален потрошувач, испитувања во лабораторија, одржување на објектите и транспортните средства, набавка и складирање на суровини и репро материјали, активности за подготовка на храна, административни активности.

Во Рудник "Саса" од работењето се генерираат следните видови на отпад:

- Отпад од минерални суровиниекстрактивен отпад) идруги фракции на отпад (што не се отпад од минерални суровини) опасен и неопасен отпад како фракции кои се добиваат од различните активности кои се одвиваат во рудникот

Под отпад од минерални суровини се подразбира отпадот кој се создава при спроведување на технолошките процеси во рудникот во сите фази: од експлоатација на руда, нејзина преработка и добивање на готов производ – олово и цинков концентрат. Отпадот од минерални суровини кој се создава од технолошките процеси во Рудникот „Саса" Македонска Каменица е: цврст отпад од откопувањето на минералните суровини (рудничка јаловина) и флотациска јаловина.

Цврстиот отпад од откопувањето на минералните суровини т.е рудничка јаловина согласно со националната Листа на видови отпад е класифицирана во групата 01 01 02 - отпад од ископување на минерални суровини на обоени метали. Овој отпад е производ од експлоатацијата на Pb/Zn руда при процесот на дупчење и минирање, но и при утврдување на содржината на Pb/Zn во рудниот материјал доколку нивното присуство е под границата на рентабилност се третира како јаловински материјал. Квалитетот на јаловинскиот материјал се следи уште при геолошките истражни работи.

Рудничката јаловина претставува карпест материјал кој не поседува економска вредност на содржина на олово и цинк и претставува неопасен отпад од минерални суровини.

Флотациската јаловина која настанува во процесот на флотациска концентрација на оловните и цинковите минерали согласно Листата на видови отпад (Службен весник на РМ“ бр.100/05) е класифицирана како 01 04 отпад од физичка и хемиска преработка на минерални суровини на обоени метали, 01 04 07* отпад од физичка и хемиска преработка на минерални суровини на обоени метали што содржи опасни супстанци. Групата 01 означува отпад што се создава при истражување, ископување и физичка и хемиска обработка на минерални суровини, 01 04 отпад од физичка и хемиска преработка на минерални суровини на обоени метали, а (*) после шестоцифрената шифра означува дека станува збор за опасен отпад. Флотациската јаловина претставува секундарен производ од технолошкиот процес на преработка на рудата и претставува двокомпонентна суспензија (флотациска пулпа) од ситни честици на јаловина и технолошка отпадна вода. Флотациската пулпа преку пулповод гравитационо се доведува до хидроциклони поставени на круната од браната на хидројаловиштето, каде што се врши нејзино хидроциклонирање, при што се добиваат две фракции: песочна фракција со гранулација со чие одлагање се изведува браната на хидројаловиштето и прелив (миловита фракција) која се одложува во таложното езеро на јаловиштето. Флотациската јаловина се спроведува до активното хидројаловиште бр.4.

Рудничка јаловина

Според податоците за динамичкиот план во Рудник САСА количина на рудничка јаловина која ќе се добие во процесот на изработка на капитални објекти и во процесот на преработка на руда до 2025 г. изнесува 239.510 m^3. Рудничката јаловина се користи за низводната ножица на браната на XJ 4, како и за стабилизација и нивелација на таложното езеро на XJ3.2, а во иднина ќе се користи и како потпора за Инсталацијата за суво одлагање.

Во низводната ножица на браната на XJ4 е предвидено вградување на 170.000 m^3 рудничка јаловина од кои:

- 40.000 m^3 вградени во иницијална брана
- 10.000 m^3 искористени за помошната брана до кота 893 мнв
- 120.000 m^3 планирани за низводната ножина на браната до кота 903 мнв

Согласно податоците од Студијата за ОВЖС (Април 2022), околу 90% од генерираната рудничка јаловина, Рудник САСА ќе ги искористи како потпора на Инсталацијата за суво одлагање.

Времето одлагање на рудничка јаловина во Рудник САСА се врши во непосредна близина на таложното езеро на ХЈ3.2 близу патот.

Понатаму, рудничка јаловина која ќе се создава во процесот на експлоатација на рудата Рудникот САСА ќе ги искористи како потпора на Инсталацијата за суво одлагање (околу 90% од генерираната рудничка јаловина).

Флотациска јаловина

Од почетокот на експлоатацијата до денес во Рудник САСА флотациската јаловина се складира на серија од хидројаловишта каскадно поставени во долината на река Каменица, ХЈ1, ХЈ2, ХЈ3.1 (класифицирано како затворено) ХЈ3.2 (во фаза на затворање) и моментално активното ХЈ4.

- ХЈ1: хидројаловиште бр.1 кое било во функција од 1964 до 1974 година, со висина од 44 m и изградено до кота 1.033 м.н.в,
- ХЈ2: низводно хидројаловиште бр.2 во функција од 1974 до 1990 година со висина од 62 m и изградено до кота 1.032 м.н.в.,
- ХЈ3: хидројаловиште бр.3 во функција од 1990 година кое е градено во две фази:
- ХЈ 3.1 хидројаловиште бр.3, фаза 1 со висина од 61 m
- ХЈ 3.2 хидројаловиште бр.3, фаза 2 (ХЈ3.2) со висина од 67 m
- ХЈ4: хидројаловиште бр.4 во функција од Април 2020 година, со проектирана висина од 66m и во него моментално се одлага флотациската јаловина. Повеќе податоци се дадени подолу во Табела 2.

Табела 2 Податоци за ХЈ 4

Капацитет:	2,946,409m^3
Вкупно депонирано до 31.08.2022:	1,047,295m^3
Преостанат вкупен капацитет:	1,899,114m^3
Иницијална брана од рудничка јаловина до кота 903:	170,000m^3
Преостанат капацитет на хидројаловиштето:	1,729,114 m^3
Планирано годишно депонирање:	480,000m^3
Преостанато време за користење наХЈ4:	околу 42 месеци

Согласно националното законодавство инсталацијата со секој отпад кој се генерира постапува во согласност со неговите карактеристики од неговото создавање, селектирање, привремено одлагање, можноста за реупотреба, финално одлагање за што се грижат одговорни лица назначени од компанијата.

Согласно Законот за минерални суровини (член 87, став 1), Концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини или операторот за управување со отпад од експлоатација задолжително изработува План за управување со отпадот од минерални

суровини, заради сведување на минимум, прочистување, обновување и складирање на новонастанатиот отпадот од минералните суровини, имајќи го предвид начелото на одржлив развој.

Согласно законските обврски, инсталацијата рудник „САСА“ има подготвено нов План за управување со отпад од минерални суровини (2021 година) со цел сведување на минимум, прочистување, обновување и складирање на ново настанатиот отпад од минералните суровини, имајќи го предвид начелото на одржлив развој, кој се однесува на новиот метод на откопување со заполнување на откопаните простори.Целите на планот за управување со отпад од минерални суровини се:

1. Спречување или намалување на производството на отпад и на неговото штетно влијание, особено имајќи го предвид следново:
   - управување со отпадот од минерални суровини во фазата на создавање и при изборот на методот што се користи при експлоатација и преработка на минералните суровини, промените што може да ги претрпи отпадот од експлоатацијата на минералните суровини, во однос на зголемувањето на експлоатираното поле и изложеноста на површинските услови,
   - враќање на отпадот од минералните суровини во површинските копови и подземните окна и јами, по експлоатацијата на минералните суровини до степен до кој тоа е технички и економски изводливо и безбедно за животната средина, а во согласност со Законот за животната средина,
   - враќање на горниот слој од почвата по затворањето на инсталацијата за отпад од минерални суровини или, ако тоа не е практично изводливо, повторна употреба на горниот слој на почвата на друго место и
   - употреба на помалку опасни супстанции за преработка на минералните суровини;
2. Поттикнување на реупотребата на отпадот од минералните суровини преку рециклирање, повторна употреба или негово доведување во употреблива состојба, каде што тоа е безбедно по животната средина согласно со прописите за заштита на животната средина и условите утврдени со овој закон, и
3. Обезбедување на краткорочно и долгорочно безбедно складирање на отпадот од минералните суровини, особено со предвидување (уште во фазата на создавање) изградба и управување со инсталацијата за отпад во текот на работењето и по завршувањето на активностите и избор на дизајн кој:
   - обезбедува минимално или воопшто не бара следење, контрола и управување на затворената инсталација за отпад,
   - ги спречува или барем ги намалува во најголема можна мера сите долготрајни негативни влијанија.

- обезбедува долгорочна геотехничка стабилност за сите хидројаловишта или одлагалишта кои се издигнуваат над површината на земјата, која постоела пред почетокот на работата на инсталацијата за управување со отпад.

Со Планот за управување со отпад од минерални суровини покрај националното законодавство Рудник САСА планира да управува со отпадот следејќи ги и најдобрите достапни техники и меѓународни стандарди (Directive 2006/21/EC of the European Parliament and of the Council on the management of waste from the extractive industries; Reference Document on Best Available Techniques for the Management of Waste from Extractive Industries, 2018; Global Industry Standard on Tailings Management (August, 2020).

Со примена на сувото одлагање на јаловина и заполнување со паста на откопаните простори Рудникот САСА ќе ги користи Најдобрите достапни техники (НДТ) за одложување на јаловина. Рудникот САСА до крајот на животниот век одлагање на јаловината ќе го врши преку примена на сувото одлагање на јаловина, заполнување со паста на откопаните простори, како и постојното конвенционално ХЈ4.

Намерата на Рудник САСА е преку примената на технологијата за заполнување со паста и суво одлагање врз старите јаловишта ХЈ1 и ХЈ2, нема да има потреба од изградба на дополнителни конвенционални хидројаловишта низводно од ХЈ4. Затоа технологијата за заполнување на откопаните простори со паста, заедно со технологијата на суво одлагање, ќе има значајно позитивно влијание врз животната средина во споредба со конвенционалното управување со јаловина.

V.3.1. Други фракции на отпад (што не се отпад од минерални суровини)_ и управување на цврст и течен отпад во рудник "САСА"

Во инсталацијата Рудник "САСА" се генерираат други фракции на отпад (што не се отпад од минерални суровини) кои главно се класифицираат во две групи на отпади: опасен отпад и неопасен отпад. Детален опис на секоја категорија на отпад со сите видови на отпади е даден во ова поглавје.

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ТРАЈНА ОБВРСКА ВО РУДНИК САСА

ЧИСТА ОКОЛИНА-ЗДРАВ ЖИВОТ

Слика 11 Ознаки за обврска за заштита на животна средина

Табела со главните типови на отпад кои се создаваат во Рудник САСА е даден во Табела 3.

Во Рудник „САСА“ создадениот отпад се предава на овластени компании со дозволи издадени од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Табела 3 Управување со создадениот отпад

Тип на отпад	Шифра (согласно Сл. Весник на РМ 100/05)	Главен извор1'2	Генериран отпад (Тони/ Годишно)	Предаден отпад (Тони/ Годишно)	Преработка/одложување во рамките на самата локација	Преработка, реупотреба или рециклирање со преземач
Пакување од хартија и картон	15 01 01	Амбалажа од различни материјали кои се користат во рудник САСА	5.36	5.36	Контејнер на Склад за општ отпад	Се предава на компанијата АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје
Искористени гуми од возила	16 01 03	Одржување на механизација и опрема	30.45	54.66	Склад за општ отпад	Се предава на компанијата АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје
Отпадно железо	20 01 40	Одржување на механизација и опрема	287	548.6	Склад за општ отпад	Се предава на компанијата АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје
Комунален отпад	20 01 99		96.00	96	Контејнери поставени во инсталацијата	Во контејнер, се презема од страна на ЈП "Камена Река"
ПЕТ амбалажа	15 01 02	Вода и сокови за вработени	6.32	6.32	Контејнер на Склад за општ отпад	Се предава на компанијата АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје
Алкални батерии	16 06 04	Мерни инструменти	0.006	0	Собирни пунктови	Предавање на овластено лице за управување со отпадни батерии и акумулатори – Нула Отпад
Електричен и електронски отпад	16 02 16	Мерни инструменти	17.28	17.28	Склад за опасен отпад	Предавање на овластено лице за управување со отпадни батерии и акумулатори - АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје
Делови од самоспасители	16 05 05	ЛЗС опрема	1.78	1.78	Склад за опасен отпад	Предавање на овластено лице за управување со отпад (Еко Инженеринг НС)
ЛЗС	15 02 03	ЛЗС опрема	0.58	0.58	Склад за општ отпад	Предавање на овластено лице за управување со отпад - АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје

Тип на отпад	Шифра (согласно Сл. Весник на РМ 100/05)	Главен извор1'2	Генериран отпад (Тони/ Годишно)	Предаден отпад (Тони/ Годишно)	Преработка/одложување во рамките на самата локација	Преработка, реупотреба или рециклирање со преземач
Отпадни филтри за воздух	15 02 03	Одржување на механизација и опрема	5.14	5.14	Склад за општ отпад	Предавање на овластено лице за управување со отпад - АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје
Мешано пакување	15 01 06	Од различни активности во Инсталацијата	126.28	348	Склад за општ отпад	Предавање на овластено лице за управување со отпад - АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје
Отпад од пакувања на NaCN	15 01 10*	PVC вреќи (примарно пакување) од NaCN, кој се користи како реагенс за флотација	0.04	0	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип
Отпад од пакувања на NaCN	15 01 10*	Пакување од (секундарно пакување) метални буриња од NaCN, кој се користи како реагенс за флотација	1.44	1.4	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип
Отпад од пакувања на KEX, KAX	15 01 10*	Пакување од KEX, KAX, се користи како реагенс во флотација	0.03	0	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип
Пакување од CuSO4, се користи како реагенс во флотација	15 01 10*	Реагенси кои се користат во процес на флотација	0.53	0	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип
Минерални нехлорирани хидраулични масла	13 01 10*	Одржување механизација и опрема	45.88	5.1	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип

Тип на отпад	Шифра (согласно Сл. Весник на РМ 100/05)	Главен извор1'2	Генериран отпад (Тони/ Годишно)	Предаден отпад (Тони/ Годишно)	Преработка/одложување во рамките на самата локација	Преработка, реупотреба или рециклирање со преземач
Минерални нехлорирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување	13 02 05*	Одржување механизација и опрема	14.50	19.52	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип
Мешавина од масло и вода	13 08 99*	Одржување механизација и опрема	4.40	7.68	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип
Оловни акумулатори	16 06 01*	Надворешна и јамска механизација, акулокомотиви и агрегат	0.40	1.38	Склад за опасен отпад	Селектирање и сортирање, пресување и механичко сечење од „Ивал- трејд"- Штип
Отпад од ПФПТУ од хлороводородна киселина	06 01 02*	Хемиски анализи во хемиска лабораторија	0.12	0	Магацин за хемикалли и Склад за опасен отпад	Амбалажата се враќа на производителот "Еурохемикал"
Отпад од ПФПТУ од амониум хидроксид	06 02 03*	Хемиски анализи во хемиска лабораторија	0.15	0	Магацин за хемикалли и Склад за опасен отпад	Амбалажата се враќа на производителот "Еурохемикал"
Отпад од ПФПТУ од азотна киселина и азотеста киселина	06 01 05*	Хемиски анализи во хемиска лабораторија	0.05	0	Магацин за хемикалли и Склад за опасен отпад	Амбалажата се враќа на производителот "Еурохемикал"
Отпад од ПФПТУ од сулфурна киселина и	06 01 01*	Хемиски анализи во хемиска лабораторија	0.05	0	Магацин за хемикалли и Склад за опасен отпад	Амбалажата се враќа на производителот "Еурохемикал"

Тип на отпад	Шифра (согласно Сл. Весник на РМ 100/05)	Главен извор1'2	Генериран отпад (Тони/ Годишно)	Предаден отпад (Тони/ Годишно)	Преработка/одложување во рамките на самата локација	Преработка, реупотреба или рециклирање со преземач
сулфуреста киселина						
Отпадни хидраулични црева	16 01 21*	Одржување механизација и опрема	5.43	7.4	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип
Отпадни филтри од масло и нафта	16 01 07*	Одржување механизација и опрема	1.76	2.72	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип
Отпаден тонер	08 03 17*	Канцелариска работа и печатење на карти и документи	0.38	0.52	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје
Пакувања од масти и мазива	15 01 10*	Одржување механизација и опрема	0.34	0.56	Склад за опасен отпад	Склучен Договор со овластена компанија ЕкоТеам Скопје и Минол Штип

V.3.1.1. Опасен отпад

Од секојдневното работење на инсталацијата рудник „САСА“ се создаваат следните видови на опасен отпад:

Пакувања од NaCN, KEX, KAX, $CuSO_4$ (15 01 10* пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанци) претставуваат отпад од пакување на реагенси кои се користат во процесот на флотација. Отпадот од пакување на реагенсите се складира во Склад за опасен отпад и се предава на овластена компанија за опасен отпад – ЕкоТеам Скопје или Минол Штип (Договори дадени во Прилог 17 и Прилог 18) .

Во инсталацијата рудник “САСА” се создаваат следните видови на отпадни масла: **отпадно хидраулично масло (13 01 10* - минерални нехлорирани хидраулични масла), отпадно трансмисионо масло (13 02 05* - минерални нехлорирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување), отпадно редукторско масло (13 02 05* - минерални нехлорирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување), отпадно моторно масло (13 02 05* - минерални нехлорирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување), Мешавина од масло и вода (13 08 99* - друг отпад), Отпадни филтри од масло и нафта (16 01 07* - филтри за масло).** Отпадните масла се јавуваат од службата за одржување на механизацијата и опремата, каде се врши и нивна замена. Отпадните масла се складираат во Склад за опасен отпад и се предаваат на овластена компанија за опасен отпад. Отпадните масла (13 01 10*, 13 02 05*, 13 08 99* и 16 01 07*) се предаваат на – ЕкоТеам Скопје или Минол Штип (Договори дадени во Прилог 17 и Прилог 18) .

Оловни акумулатори (16 06 01*) – се искористени акумулатори од надворешната и јамската механизација. Овој тип на отпад се складира во магацин за опасен отпад кој е со бетонска подлога, покриен и ограден простор во кој има систем за заштита и ПП- апарат. Рудник “САСА” ДООЕЛ Македонска Каменица има склучено договор со компанијата “ИВАЛ ТРЕЈД“ Штип за собирање на отпадни батерии и акумулатори (даден во Прилог 15). Преземањето на отпадот од батерии и акумулатори се изврши на повик од страна на Рудник “САСА”.

Отпадни хидраулични црева (16 01 21*) се создаваат од одржување механизација и опрема и отпадот се складира во склад за опасен отпад. За отстранување на овој отпад е склучен договор со ЕкоТеам Скопје и Минол Штип.

Отпаден тонер (08 03 17*) се создава од канцеларискa работа и печатење на карти и документи и отпадот се складира во склад за опасен отпад. За отстранување на овој отпад е склучен договор со ЕкоТеам Скопје.

Отпад од ПФПТУ на киселини и бази (HCl – 06 01 02* отпад од пакување на хлороводородна киселина, NH_4OH – 06 02 03* отпад од пакување на амониум хидроксид, HNO_3 – 06 01 05* отпад од пакување на азотна и азотеста киселина, H_2SO_4 – отпад од пакување на сулфурна киселина и сулфуреста киселина, "Отпад од ПФПТУ од H_2SO_4 и H_2SO_3 - 06 01 01*– се генерира од киселините и базите кои се употребуваат во хемиската Лабораторија. Амбалажата која останува од искористените киселини се враќа на производителот "Еурохемикал" .

Количините на создадени видови на опасен отпад од функционирањето на инсталацијата рудник „САСА" се дадени во Прилог V.2 на Барањето за измена на апликацијата за А Интегрирана Дозвола, Табела V.2.1 Употреба, количини и одлагање на опасен отпад.

V.3.2. Неопасен отпад

Во инсталацијата рудник „САСА" се создаваат следните видови на неопасен отпад:

Хартија и картон – 15 01 01 пакување од хартија и картон кои се создаваат при одвивање на активностите во рудник "САСА". Создадениот отпад се предава на компанијата АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје.

Искористени гуми од возила – 16 01 03 се генерираат при одржување на надворешна и јамска механизација и истите се складираат на надворешна депонија. Отпадни гуми кои се генерираат во инсталацијата се предаваат на овластена компанија - АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје.

Железо (метал) – 20 01 40 метали се јавува од одржување на опремата и механизацијата во рудник „САСА" и се складира на надворешна депонија за отпад во рамките на инсталацијата. Отпадното железо рудникот „САСА" го предава на компанијата АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје.

Комунален отпад– 20 01 99 е комунален отпад кој се генерира од индустриската и административна дејност во рамките на рудник "САСА". Отпадот се складира во контејнери поставени во рамките на инсталацијата. Создадениот комунален отпад се презема од страна на ЈП „Камена река" од Македонска Каменица.

PET амбалажа – 15 01 02 е отпад од пластично пакување од вода и сокови кои ги конзумираат вработените во Рудник САСА. Отпадот се селектира на собирни пунктови и се предава на (согласно Закон за управување со пакување и отпад од пакување) компанијата АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје.

Алкални батерии- 16 06 04, Електричен и електронски отпад - 16 02 16 се отпади од мерни инструменти кои се користат во Рудник САСА. Се селектираат во садови специјално наменети за собирање на отпадни батерии и се предаваат на

компанијата „ НУЛА ОТПАД“ ДОО Скопје“ со која рудникот има склучено Договор. За собирање на Електричен и електронски отпад ангажирана е компанијата АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје.

Лични Заштитни Средства и Отпадни филтри за воздух - 15 02 03 се создаваат од одржување на механизација и опрема и се складираат во општиот склад. Ваквиот вид на отпад се предава на АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје**.**

Мешано пакување - 15 01 06 се создава од различни активности во Инсталацијата и се предава на АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје**.**

Количините на создадени видови на неопасен отпад од функционирањето на инсталацијата рудник „САСА“ се дадени во Прилог V.2, Табела V.2.2 Останати фракции на отпад, количини и начин на одлагање.

V.3.3. Одложување на отпадот во границите на инсталацијата

Во рудник „САСА” времето одложувањето на дел од создадениот отпад до негово финално преземање се врши на неколку локации во рамките на инсталацијата:

- Складиште за општ отпад, У= 7 626 115; Х= 4 664 290.
- Складиште за опасен отпад, У= 7 626 030; Х= 4 664 413.
- Складиште за амбалажа од хемикалии, Y= 7 625 875; X= 4 664 559.
- Ново складиште на одредени фракции на отпад, Y=7 626 661 ; X=4 664 674.
- Седум (7) собирни пунктови за PET амбалажа
- Шест (6) садови за отпадни батерии
- Два (2) Контејнери за хартија
- Шест (6) Контејнери поставени на различни локации во рамки на рудникот за комунален отпад
- Стари јаловишта бр.1 и бр.2, Х= 4 626 182; У= 7 664 173.
- Јаловиште бр.3-2 фаза, Х= 4 627 141; У= 7 663 177.
- Јаловиште бр.4, Х= 4 663 033; У= 7 627 188

Создадената јаловина од процесот на експлоатација и преработка на рудата се одложува во рамките на инсталацијата – моментално активно хидројаловиште е бр. 4 . Досега на хидројаловиште бр.3-2 има одложено 5,3 Mm^3 флотациска јаловина.

Најголем дел од создадената рудничка јаловина е реупотребена за време на изградбата на јаловиштето 4.

Управувањето со флотациската и рудничката јаловина се врши согласно Проектна документација за јаловиштата, а е дел и од Планот за управување со отпад од минерални суровини согласно Закон за минерални суровини.

Според податоците за динамичкиот план во Рудник САСА количина на рудничка јаловина која ќе се добие во процесот на изработка на капитални објекти и во процесот на преработка на руда до 2025г. изнесува 239.510 m^3.Заклучно со 2025 година, вкупните количини на рудничка јаловина ќе изнесуваат 244.509,9 m^3 (вклучувајќи ја и количината од 5.000 m^3 која моментално е искипана во непосредна близина на ХЈ 3.2).На хоризонталната површина од хидројаловиште 3-2 во тек е формирање на генералниот наклон и нивелирање на таложното езеро на хидројаловиште 3-2 кон преливниот орган со рудничка јаловина. До октомври 2022 на хоризонталната површина од хидројаловиште 3-2 поставени се околу 120.000 m^3 рудничка јаловина, а преостануваат уште 50.000 m^3 или 29,41% од хоризонталната површина на хидројаловиште 3.2.

Рудничка јаловина која ќе се создава во процесот на експлоатација на рудата Рудникот САСА ќе ги искористи како потпора на Инсталацијата за суво одлагање (околу 90% од генерираната рудничка јаловина).

Промената во методот на откопување фундаментално ќе го трансформира управувањето со флотациската јаловина во Рудник САСА. Во моментов целокупната (100%) количина на флотациска јаловина се одлага на површина на активното хидројаловиште бр.4. Поизградба на Постројката за подготовка на паста за заполнување и Постројката за суво одлагање и ставање на истите во оперативност, флотациската јаловина ќе биде разделена на јаловина која ќе користи за припрема на паста за заполнување на празните откопи, додека преостанатата јаловина после процесот на заполнување со паста ќе биде одложена на постоечкото хидројаловиште бр.4 и на Инсталацијата за суво одлагање на јаловина.

V.3.3.1. Магацин за општ отпад

Магацинот за општ отпад се наоѓа на старото јаловиште кое е рекултивирано и не е во функција а подлогата е тампонирана. Просторот е соодветно ограден, обележан согласно националните стандарди за ваков тип на објект, поставени се знаци за опасност и карактеристики на складираниот отпад.

Отпадот кој се одлага е селектиран по тип, означен е согласно Листа на отпади (Сл. Весник бр. 100/05), а неговиот транспорт се врши со виљушкар. За Магацинот е изготвен и “План за постапување во случај на незгода или вонредна состојба” во кој се содржани елементите за потребни чекори кои се преземаат во вакви ситуации, потребна опрема и нејзино поставување.

Во 2022 донесена е одлука складот за општ отпад да се дислоцира. За таа цел направен е проект- Техничко решение за оградување на простор за отпад во кругот на Рудник САСА изработено од страна на Студио Атриум ДООЕЛ Штип и придружна техничка документација (Шема со локации за складирање на одредени фракции на

отпад), извршено е тампонирање и оградување на новиот склад за отпад согласно документацијата. Останатите активности се во тек и после нивното завршување општиот отпад ќе се одлага на новиот склад

V.3.3.2. Ново складиште на одредени фракции на неопасен отпад

Одделни фракции на отпад се складираат на оградена локација за отпад со површина од 600 m^2 според средно годишните генерирани количини. Складот за општ отпад е тампониран, соодветно ограден, обележан согласно националните стандарди за ваков тип на објект, поставени се знаци за опасност, карактеристики на складираниот отпад и сл. На одредени делови од оградениот простор, отпадот се складира во оградени подрачја со цел да не дојде до мешање на различните фракции на отпад. Во 2022 донесена е одлука складот за општ отпад да се дислоцира. За таа цел направен е проект- Техничко решение за оградување на простор за отпад во кругот на Рудник САСА изработено од страна на Студио Атриум ДООЕЛ Штип и придружна техничка документација (Шема со локации за складирање на одредени фракции на отпад), извршено е тампонирање и оградување на новиот склад за отпад согласно документацијата. Складот е ограден со мрежеста ограда анкерувана на модуларно поставени челични столбчиња темелени во темели самци. Останатите активности се во тек и после нивното завршување општиот отпад ќе се одлага на новиот склад.

Според количините на генерирани различни фракции на отпад, се определени површините во рамките на складот за отпад (Табела 4).

Табела 4 Типови на отпад и површината за складирање во рамки на складот

Тип на отпад	Површина [m^2]
Отпадно железо	108
Филтри за воздух	32
Бакарни жици	2
Отпадни гуми	65
Електронски и електричен отпад	13
Пластични шишиња	11
Лични заштитни средства	8
Отпадни палети	13
Отпадна хартија и картони	10
Отпадни пластични цевки	20
Мешано пакување	66

Шемата со локации за складирање на отпад во рудник Саса е прикажана во Прилог 12.

Графички приказ од новото складиште на одредени фракции на неопасен отпад е прикажан во Прилог 13, додека неговиот изглед е даден на Слика 12.

Слика 12 Ново складиште на одредени фракции на неопасен отпад

V.3.3.3. Склад за опасен отпад

Складот за опасен отпад е изработен согласно проектна документација, и во основата има армирано бетонска плоча со димензии 11.5X10 m под која има поставен тампон. На средината на бетонската плоча е поставен канал со ширина 0.15 m и пад 1 %. Каналот со цевки и шахта е поврзан со сепаратор за масло, за случај при излевање на опасниот отпад. На складиштето е поставен и соодветно означен сад со песок за случај на истекување на опасниот отпад. Складот е ограден со мрежа, поставена е челична решеткаста конструкција со лимен покрив, опремен е со ПП апарат, затворено е и дозволен е пристап само на овластени лица. Во 2019 Рудник САСА изврши Реконструкција на склад за опасен отпад согласно изработен Проект за реконструкција на склад за опасен отпад (тех. бр. 38/18-О) од Студио Атриум ДОО Штип.

Опасниот отпад се селектира на местото на настанување, транспортот од местото на настанување до складот се врши со виљушкар и се складира на соодветно означено место за дадениот вид на отпад (назив и шифра на опасниот отпад).

Во складот се поставени знаци за опасност и карактеристики на складираниот отпад со соодветна шифра. Во складот се складираат следните видови на отпад:

- Пакувања од NaCN, $CuSO_4$, KEX, KAX (15 01 10* пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанци);
- Искористени оловни акумулатори (16 06 01*);
- Отпадно хидраулично масло (13 01 10* - минерални нехлорирани хидраулични масла);

- Отпадно трансмисионо масло (13 02 05* - Минерални нехлорирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување);
- Отпадно редукторско масло (13 02 05* - Минерални нехлорирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување);
- Отпадно моторно масло (13 02 05* - Минерални нехлорирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување);
- Пакување од хемикалии до нивно преземање од страна на добавувач на услуги (HCl, NH_4OH, HNO_3, H_2SO_4) или овластена компанија за преземање опасен отпад;
- Отпадни филтри од масло и нафта (16 01 07*);
- Отпаден електричен отпад,

Отпадното масло се складира во ПВЦ садови (туби) од 1000 l со соодветен назив и шифра на отпадно масло во согласност со Листа на видови отпади (Сл. Весник бр.100/05). Садовите во кои се складира отпадното масло се изработени од незапалив материјал и се обезбедени со непропусни затворачи. Под садовите за отпадно масло се поставени лимени садови, во случај на истекување при преточување.

При реконструкцијата е поставена нова челична конструкција, како и столбови анкерувани на постоечки потпорен ѕид и челичен пластифициран ребраст лим со кој е покриена целокупната површина на магацинот и обезбедена е заштита на складираниот отпад од атмосферски влијанија.

Постојните ѕидови и новиот ѕид се заштитени со цементен малтер од внатрешната страна како подлога за поставување на заштита од хемиски агресии т.е пред премаз со АДИНГПОКС 1ПВ во висина од 50cm од подна плоча. Потоа е нанесен завршен заштитен слој со АДИНГПОКС ТЕР во висина од 50cm од подна плоча. Истата е армирана со челични фибер влакна и завршно хеликоптирана.

Системот за одвод на истечено масло во магацинот е променет од отворен (од канал, маслофаќач во јаловиште) во затворен (во собирна шахта и зафаќање со Spill kits). Со тоа е обезбедена целосна заштита на животната средина од истекување на различни видови на масла.

Подната плоча е реконструирана со соодветен пад кон собирна шахта. Изработена е и нова влезна врата и заштитна ограда од челични профили и челична заштитна мрежа на источна (влезна фасада)

За складот се изработени и Планови за постапување во случај на незгода или вонредна состојба:

1. Пожар на надворешни објекти – насоки за постапување, опрема за користење и нејзина локација

2. Истекување на масла и мазива – насоки за постапување, опрема за користење и нејзина локација
3. Излевање на масла од сепаратор за масла во случај на поплава – опрема и нејзина поставеност, постапки за преземање при вакви случаи
4. Истекување на хемикалии и реагенси – опрема и нејзина поставеност, постапки за преземање при вакви случаи, како и упатства за соодветно постапување со опасниот отпад.

Изработените Планови за постапување во случај на незгода или вонредна состојба, се истакнати на складот за опасен отпад.

Слика 13 Склад за опасен отпад

Во Прилог 4 се дадени графички прикази од основата и напречен пресек на магацинот за опасен отпад.

Изготвен е Проект за реконструкција на склад за опасен отпад согласно националното законодавство и НДТ. Реализацијата на проектот е дадена во Програма за подобрување.

Рудник Саса како дел од интегрираниот систем на рудникот има подготвено Упатство за складирање на отпадни масла и мазива (Слика 14).



Слика 14 Упатство за складирање на отпадни масла и мазива

Во јамата има поставено сетови за собирање на евентуално истечено масло (Слика 15).

Слика 15 Сет за собирање на истечено масло во јама

Подготвена е и шема на активности во случај на истекување на опасни/отпадни материи со примена на грануларен апсорбент и со примена на апсорбенти.

ПРИЛОГ 2 кон EMS_M 003

Слика 16 Шема на активности во случај на истекување на опасни/отпадни материи со примена на грануларен апсорбент

ПРИЛОГ 1 кон EMS_M 003

Слика 17 Шема на активности во случај на истекување на опасни/отпадни материи со примена на апсорбент

V.3.3.4. Контејнери за комунален отпад

Во рудник "САСА" се поставени 9 контејнери кои служат за одлагање на комунален отпад (20 01 99).

Слика 18 Ознаки за отпад

Секој вид на отпад согласно Листата на отпади (Сл. Весник бр.100/05) е означен со шифра според неговите карактеристики. Отпадите кои се одлагаат во контејнерите се преземаат од страна на овластени постапувачи со кои рудник САСА има потпишано Договор за преземање на отпад (ЈП "Камена Река" – Македонска Каменица, и др.).

Во Рудник САСА се поставени 14 садови за одлагање на отпадна хартија и картон со приемен склад за отпадна хартија и картон. Отпадната хартија и картон се селектира на местото на настанување во соодветно означени садови (Слика 19) и транспортира до приемен склад за отпадна хартија и картон за понатамошно постапување т.е. предавање.

Слика 19 Ознаки на собирен пункт за отпадна хартија и картон

V.3.3.1. Собирни пунктови за PET амбалажа

Во рудник "САСА" има 9 собирни пунктови за PET амбалажа од вода и сокови, која вработените ја селектираат и одложуваат на соодветно означените собирни пунктови. Собраните количини на празната PET амбалажа се транспортираат до склад за општ отпад за понатамошно постапување т.е. предавање.

Слика 20 Ознака на собирен пункт за PET амбалажа во рудник „Саса"

V.3.3.2. Собирни пунктови за отпадни батерии

Во рудник "САСА" има 6 собирни пунктови отпадни батерии. Имено поставени се соодветно означени садови, каде вработените ги одложуваат отпадните батерии. Откако ќе се соберат одредени количини отпадни батерии се контактира овластено

лице за управување со отпадни батерии и акумулатори „НУЛА ОТПАД ДОО, Скопје за преземање на истите согласно национално законодавство.

Слика 21 Изглед на сад за собирање на отпадни батерии поставен во Управна зграда на рудник Саса

Во Прилог 3 е дадена шема за складишта на отпад во рамките на инсталацијата рудник „САСА“, а во Прилог 14 и Прилог 15 се дадени Договорите кои рудник САСА ги има склучено со овластените постапувачи за секој вид на отпад поединечно и важноста на лиценците за постапување со отпад на секој од постапувачите.

V.3.3.3. Хидројаловиште бр.3 – 2 и Хидројаловиште бр. 4

Како резултат на процесот на преработка на оловно – цинкова руда во инсталацијата, се создава флотациска и рудничка јаловина. Хидројаловиштето бр. 3 - 2 е во фаза на затворање, а хидројаловиште 4 е моментално активно хидројаловиште и на него се одлага создадената флотациска јаловина .

Хидројаловиште бр.4 е лоцирано во долината на река Каменица, низводно од песочната брана 3-2, во рамките на концесионото поле на рудник Саса. Хидројаловиштето бр.4 го сочинуваат следните објекти и системи:

- *Обиколен тунел* за прифаќање и безбедно одведување на водите на река Каменица,
- *Брзотек, слапиште и ризберма за обиколен тунел*
- *Пулповод* за флотациска јаловина,
- *Брана и таложно езеро* за одлагање на флотациска јаловина,
- *Дренажен систем*,
- *Колектор* за одведување на преливни води,
- Контролна шахта S9
- *Систем за отпрашување на хидројаловиште.*
- *2 привремени таложници на ХЈ бр.4*

При градбата на хидројаловиштето бр.4, прво е формирана иницијалната брана а потоа во низводниот дел од телото на браната се формира зона од рудничка јаловина со нанесување во хоризонтални слоеви (ламели) која ја формира песочната брана. Просторот помеѓу песочната и иницијалната брана се исполнува со флотациска јаловина. Согласно Основниот проект расположливиот волумен на новото хидројаловиште бр.4 изнесува 3.170.006,2 m^3 од кои 1.755.389,2 m^3 за езерото, 1.414.617 m^3 за песочната брана и 50.917 m^3 простор за одлагање на рудничка јаловина за оформување на иницијалната брана. Вкупната зафатнина на браната на хидројаловиште бр.4, која треба да биде исполнета со флотациска јаловина од технолошкиот процес и рудничка јаловина, до кота 952 m.n.v и таложно езеро до кота 950 m.n.v, изнесува 3.170.006,2 m^3. Согласно до 30.09.2022 волуменот на складирана јаловина изнесува 1,08 Mm^3. Преостанат вкупен капацитет на јаловина изнесува 1,86 Mm^3.

Од вкупно планираните количини на рудничка јаловина за ХЈ 4 (170.000 m^3), досега се одложени 120.000 m^3 рудничка јаловина во камената брана во ножица на низводна косина проектирана до 903 мнв, односно вграден отпаден руднички камен во камена брана во ножицата на низводната косина до 30.9.2022 (до кота 885 мнв) 30.000 m^3, за иницијалната брана на ХЈ4 се искористени 40.000 m^3 и за помошната брана на ХЈ4 до 893 мнв (после инцидентот) се употребени 10.000 m^3 .

За стабилизација и нивелација на таложното езеро на ХЈ 3.2. вкупно се планирани 170.000 m^3 рудничка јаловина, од кои до октомври 2022 се поставени околу 120.000 m^3 и преостануваат уште 50.000 m^3.Составен дел на хидројаловиштето бр.4 е изведбата на дренажен систем составен од 4 хоризонтални килими (поставени на ниво на речното корито, напречно на долината) со 4 приемни цевководи, песок со одредена гранулација кој заедно со песокот од циклоните и пулпата од флотација го формираат јаловиштето (песочната брана). За обезбедување на заштита на почвата и подземните води, Рудникот „САСА“ за време на изградбата на хидројаловиште бр.4 од страна на МЖСПП беше задолжен да изврши облагање на хидројаловиште бр.4 и брана бр.3-2 до кота 950 мнв (согласно Решение од МЖСПП УП1-11/4-803 од 27.09.2017 со кое се дава Согласност на барањето за спроведување на Проектот за изградба на хидројаловиштето бр.4), при што вградените материјали по однос на параметрите за квалитет зададени од страна на МЖСПП беа исполнети од страна на Рудник САСА, а беа доставени и атести за потврдување на карактеристиките на материјалите извршени од страна на независна акредитирана лабораторија. При поставувањето на материјалите беше вршен надзор над обложувањето (Обнова и измена на А - интегрирана еколошка дозвола Бр. УП1-11/3-1112/2019, издадена од МЖСПП на Рудник САСА)

Флотациската јаловина се доведува преку пулповод до хидројаловиштето, односно хидроциклони кои се поставени на круната на браната, со кои се врши хидроциклонирање на јаловината пред депонирањето, која се класира на два дела:

- Крупна фракција - песок, со чие депонирање се изведува низводната брана и круната на јаловиштето,
- Прелив- суспензија од миловит материјал и отпадна технолошка вода, со кој се заполнува таложното езеро на јаловиштето.

Хемиската анализа на јаловината од хидројаловиштето во Рудник „CACA“ (Извештај од карактеризација на флотациската јаловина и материјалот за заполнување (паста) од страна на SRK Consulting) покажува дека истата содржи концентрации на неколку метали, во најголем процент олово, цинк и манган, односно: 0,456% Pb, 0, 434% Zn, 0,0392% Cu, 0,000753% An, 0,00621% Cd, 0,881% Mn, 0,881 % As, 0,000305% Be, 0,0152% Cr, 0,0000005% Hg, 0,000654% Mo, 0,00557% Ni, 0,000155% Se, 0,00047% S, 0,00272% Sn.

Таложно езеро е формирано во задниот дел од акумулациониот простор на јаловиштето, најдалеку од круната на браната. Со преливот од хидроциклонираната флотациска пулпа се исполнува таложното езеро, (водата од таложно езеро X.J 4), а водата од дренажа X.J 3-1 се користи за надградениот систем за отпрашување на јаловиште (X.J 4,).

За превенција на емисии на прашина од X.J 4 е поставен систем на прскалки за отпрашување. За системот на прскалки проектирани потребни количини на вода се 180 m3/h (50 l/s). Во близина на излезот на обиколниот тунел се поставени две пумпи со капацитет од по 166 m^3/h секоја, од кои едната е работна а другата резервна и ги зафаќа целокупните води од дренажа од XJ 3-1 и се користи за системот на прскалки за отпрашување на косината и круната на браната на моментално активното Хидројаловиште бр.4.

Исто така за системот на прскалки се користи и вода од таложно езеро на X.J 4 доколку протокот на вода од дренажа од XJ 3-1 не ги задоволува потребните количини.

Слика 22 Систем на прскалки за отпрашување на Х.Ј 4

Во "План за заштита и спасување за јама и јаловиште во рудник „Саса" – Македонска Каменица се содржани и постапките во случај на вонредни состојби на хидројаловиште.

Моментално активното хидројаловиште 4 фаза е под континуиран 24 h мониторинг од страна на стручни лица од Рудник САСА преку видео надзор во флотација. На самото јаловиште во сите смени има компетентен кадар од Рудник САСА. Стручна комисија редовно оди во контрола на јаловиштето, а се ангажирани и експерти од Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, Факултет за природни и технички науки за вршење техничко набљудување т.е. оскултација на јаловиштето и придружните објекти. Врз основа на извршената оскултација од нивна страна се изработуваат Месечни извештаи за оскултација на браната на флотациското јаловиште на Рудник САСА, врз основа на кои истата институција изработува годишен Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на браните со придружните објекти и акумулации. Овој елаборат се доставува годишно во МЖСПП. Се одржуваат месечни состаноци за јаловиштата во Рудник САСА со одговорниот проектант, оскултант и стручниот тим на Рудник САСА/ САМЛ, на кој се прегледуваат податоците од техничкиот мониторинг/ оскултација и другите клучни аспекти на управувањето со ХЈ. Се врши континуирана проценка на ризиците и се прават соодветни акциони планови. Исто така, годишно се вршат независни контоли на јаловиштата во Рудник САСА од страна на странски експерти, за да се процени дали дизајнот, изградбата и нивното работење ги исполнува меѓународните стандарди за најдобри практики. Независната контрола/ аудитот, покрај другото обезбедува и препораки за намалување на ризиците поврзани со јаловиштата.

Рудник САСА презема континуирани мерки за минимизирање и редуцирање на потенцијалните ризици од јаловиштата. За таа цел е изработена обемна документација и тоа: Елаборат за анализа на последиците од пропагација на поплавен бран на јаловиштата и придружните објекти во рудник САСА, Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Рудникот САСА, План за заштита и спасување за јама и јаловиште во Рудник САСА, интерни планови за постапување во случај на незгода или вонредна состојба при хаварија на хидројаловиште, хаварија на пулповод, поплава и пробив на вода, интерна програма за спречување на значителни опасности од хаварија на јаловиште, Внатрешен План за вонредна состојба и соодветни упатства и др.

Исто како и за претходните јаловишта, и стабилноста на новото хидројаловиште бр.4 ќе се следи преку визуелни набљудувања, геодетските снимања, контролни мерења на нивоата во пиезометрите и други активности во согласност со Проект за оскултација на хидројаловиште бр.4 на рудникот „САСА“.

Хидројаловиштето 3-2, е веќе исполнето и истото не е активно и е во фаза на затварање.

V.3.3.3.1. Заполнување на празните откопани простори во јама со паста

Транзицијата кон методот на откопување со заполнување на празните простори е многу ефикасен пристап кон управување со отпадот од минерални суровини што се создаваат во процесот. Моменталниот метод на откопување бара целокупните количини на флотациска јаловина да се одлагаат на површината во хидројаловишта. Во иднина, скоро 50% од овој отпад ќе се врати во откопаните празни простори во јама во форма на паста.

Подготвувањето на пастата од екстрактивниот отпад за повторно враќање назад во празните откопи е во согласност со Референтниот документ за најдобрите достапни техники за управување со отпад од екстрактивните индустрии согласно Директивата 2006/21/ЕЗ.

Екстрактивниот отпад од преработката на минералите (флотациската јаловина) од постројките за преработка ќе се транспортира до Станицата за припрема на паста за да се згусне и исфилтрира, со што ќе се зголеми уделот на цврстите материи до 83%, а потоа ќе се помеша со цемент и вода за да се добие стабилизирана цементна каша во вид нана паста со вкупна содржина на цврсти материи во опсег помеѓу 75% и 76%.

Трите главни состојки на пастата се: флотациската јаловина, цемент и вода.

Соодносот на цементот во пастата за заполнување ќе се движи помеѓу 4% и 8% од вкупните цврсти материи, зависно од идната изложеност на заполнувањето. Специфичната тежина на пастата за заполнување ќе се движи помеѓу 2,08 и 2,10.

Според горенаведеното, содржината на пастата може да се дефинира на следниов начин:

- сса. 24-26% -- вода
- сса. 75-76% -- цврсти материи, од кои:
    - са. 4,5-6,5% од вкупните цврсти материи (са. 3-5% од вкупната содржина на пастата) – ќе биде цемент;
    - са. 93,5-95,5% од вкупните цврсти материи (са. 70-72% од вкупната содржина на пастата) – ќе биде флотациската јаловина.

Иако пастата ќе се користи како инженерски материјал, беше направена карактеризација на материјалот и согласно резултатите е класифицирана како 01 03 04*„*јаловина од преработка на сулфидни руди што создава кисел отпад*“. Извештајот од карактеризација на флотациската јаловина и материјалот за заполнување (паста) спроведен од страна на SRK Consulting, покажува дека истата содржи концентрации на неколку метали, во најголем процент олово, цинк и манган, односно: Pb 0,32%, Zn 0,305%, Cu 0,0276%, Sb 0,000531%, Cd 0,00183% , Mn 0,622%, As 0,00451%, Be 0,000225%, Cr 0,0115% , Hg 0,000000385%, Mo 0,000489%, Ni 0,00445%, Se 0,000112%, S 0,000335%, Sn 0,00194%. Со додавање на цемент во флотациската јаловина се добива стабилизирана форма на паста, со намален потенцијал за оксидација и генерирање на кисели руднички дренажи, многу пониска пропустливост од околните карпи и соодветна механичка јакост.

Системот за ретикулација, за транспорт на пастата за заполнување во подземните ископани простори во Рудникот САСА, е дизајниран да одговара на тековниот план за производство на рудникот, како и на начин што обезбедува минимална потрошувачка на цемент постигнувајќи оптимално време на стврднување и јачина на пастата. Овој систем е дизајниран на начин да обезбеди безбеден и ефикасен проток на пастата секаде каде што е потребно во рудникот. Тоа ќе обезбеди лесно менување на точките за заполнување и насочување на пастата до откопаните јами, според планот на рудникот.



Слика 23 Приказ на принципот на вградување на засипот во вид на паста кај методата со откопни ходници и заполнување

Површинскиот дел на ретикулацијата се состои од цевковод што ја поврзува Станицата за паста со Хоризонт XIVb, а земено е во предвид и поврзувањето со новиот нископ. Растојанието од Станицата до хоризонт XIVb е околу 150 m. Површинскиот дел на системот на ретикулација е од челични цевки инсталирани на соодветни држачи близу тлото, за да се олесни пристапот за одржување во текот на работењето, а под него ќе има бетонски канал за задржување на евентуалните потенцијални истекувања. Доставата на засипот за заполнување од Станицата за припрема на паста до откопите ќе биде регулирана со систем за автоматска регулација – SCADA систем.

V.3.3.3.2. Суво одлагање на јаловина на Инсталацијата за суво одлагање во рамките на рудник Саса

Откако ќе се подготви сувата јаловина во Постројката за суво одлагање, истата ќе се транспортира со камиони до Инсталацијата за суво одлагање во рамките на рудник Саса, каде се врши нејзино финално одлагање. Постројката за суво одлагање на јаловина и Инсталацијата за суво одлагање е планирано да започне со работа во првиот квартал на 2024 година, согласно Динамичкиот План даден во Прилог II.2. Локацијата на Инсталацијата за суво одлагање е избрана на површината на хидројаловиште XJ1 и XJ2 како најсоодветна. Сувото одлагање на јаловина ќе се спроведува на површина од 0,12 km^2.

Инсталацијата за суво одлагање ќе биде изведена од сува јаловина која е практично многу прашинест или заглинет песок која е исушена до оптимална влажност за да се добие максимална збиеност. Подготвената сува јаловина ќе има оптимална влажност од 10,7% и максимална збиеност во сува состојба од 2190 kg/m^3. Филтер пресата ќе ја припреми сувата јаловина со влажност повисока од оптималната односно критериум ќе биде 13% влажност. Јаловината ќе се одложи со влажност во границите

од -2% до +4% од оптималната влажност и минимум 95% збиеност од максималната збиеност.

Согласно националната Листа на видови отпад ("Службен Весник" на РСМ бр. 100/2005) флотациската јаловина е категоризирана како 01 04 07* - *отпад од физичка и хемиска преработка на минерални суровини на обоени метали, што содржи опасни супстанции*. Рудничката јаловина која ќе се користи за формирање на основата на Инсталацијата за суво одлагање, согласно со националната Листа на видови отпад е *класифицирана во групата 01 01 02 - отпад од ископување на минерални суровини на обоени метали.*

Изградбата на Инсталацијата за суво одлагање ќе се врши во две фази: фаза А која ќе се одвива во периодот 2023-2025 и Фаза Б во која ќе се врши одлагање на преостанатата јаловина.

Изградбата на Инсталацијата за суво одлагање во фаза А ќе се реализира во три фази на градба:

- Фаза 1 – Изведба на низводниот дел кој треба да се порамни со постоечкиот терен од останатиот дел од површината врз која ќе се одлага јаловина, потоа изведба на облогата на контактот од новата Инсталација за суво одлагање и постоечките XJ1 и XJ2 на површината од Фаза 1 како и изведба на дренажните системи;
- Фаза 2 – Изведба на инсталацијата за суво одлагање до кота 1036 mnv и изведба на облогата по цела површина на инсталацијата;
- Фаза 3 – Изведба на делот кој треба да се надвиши до кота 1038.5 mnv;



Слика 24 Фази на градба на инсталацијата за суво одлагање

Фаза 1 од изградбата на Инсталацијата за суво одлагање ќе ја сочинуваат активностите за подготовка на тлото (чистење и отстранување на хумусот) и ископ на несоодветниот материјал по што ќе следи поставување на облогата во основата на

Инсталацијата заедно со поставување на јаловински материјал. Површината ќе се израмни, валира и ќе се набие со користење на валјак.

Системот за облагање на инсталацијата ќе биде поставен непосредно пред да почне одложувањето на сува јаловина. Потоа ќе се направи потребниот ископ во делот на Пресек В со цел површината да биде подготвена за следната Фаза 2 – одлагање на јаловина. Ископот во делот на Пресек В ќе биде придружен со поставување на каменит материјал за подобрување на тлото и материјал за насип најмалку до кота 1031 mnv.

Фаза 2 од изведбата опфаќа поголеми ископи за подобрување на подтлото вдолж источната страна на Инсталацијата и изведба на насип од камен пред да се почне со одлагање на јаловината. Сувото одлагање ќе се формира во набиени слоеви филтрирана јаловина (ламели) со дебелина од 30 cm. Почетниот периметар ќе биде изграден со оптимален наклон за да се максимизира стабилноста на Инсталацијата за суво одлагање и да се минимизира потенцијалната ерозија, како и да се овозможи истовремено покривање на инсталацијата долж периметарот на надворешните берми за време на оперативната фаза. Ваквиот начин на формирањето на инсталацијата, овозможува прогресивна рехабилитација.

Во Фаза 3 активностите вклучуваат изведба на насип од камен до кота 1038.5 mnv проследено со одлагање на сува јаловина. Површините на тлото кое треба да се подготви за секоја фаза, површините за поставување на облога како и количините за ископ, изведба на насип од камен и количина на сува јаловина која треба да се одложи во секоја од фазите се прикажани во следната табела.

Табела 5 Фази на градби и количини на материјали

Фаза	Површина (m^2)		Волумен (m^3)		
	Подготовка на тлото	Базална структура во основата	Ископ	Рудничка јаловина	Сува јаловина
Фаза 1.1	19.000	19.000	12.871	16.457	
Фаза 1.2					58.511
Фаза 2.1	69.000	54.000	32.289	65.591	
Фаза 2.2					232.896
Фаза 3.1				12.501	
Фаза 3.2					63.221
Вкупно	88.000	73.000	45.160	94.49	354.628

Капацитетот на Инсталацијата за суво одлагање е пресметан согласно одреден опсег на вредности на волуменска тежина на сувата јаловина кои се добиени со лабораториски истражувања и резултатите покажуваат дека проценетиот капацитет на

инсталацијата за суво одлагање е помеѓу 0.71 и 0.78 Mt, а волуменската тежина за јаловина во сува состојба ќе се движи кон горната граница на опсегот од каде произлегува дека капацитетот на инсталацијата за суво одлагање ќе биде 0.74 Mt.

Концептот на транспорт на сувата јаловина се базира на достава на јаловината со камиони до одредени локации во јаловиштето, од каде истата ќе се распростира и набива во слоеви од 30 cm согласно методологијата од Основниот проект за јаловиште за суво одлагање во рудник Саса (Книга 6) од ГЕИНГ ДОО Скопје. За да се овозможи полесен пристап и движење на камионите низ јаловиштето до локациите каде што тие треба да ја транспортираат сувата јаловина предвиден е земјен пат по кој тие ќе се движат. Сите пристапни патишта се предвидени да бидат изведени од руднички камен и истите ќе се надвишуваат паралелно со надвишување на јаловиштето т.е со одлагањето на јаловината.

Откако ќе се одложи сувата јаловина на Инсталацијата за суво одлагање на одредените микролокации истата ќе се распостелува со градежна механизација и потоа со мазни ваљци ќе се набива во слоеви од по 30 cm дебелина. Материјалот ќе се поставува така што ќе се напредува по висина, а поставувањето ќе биде со формирање на хоризонтални слоеви, почнувајќи од најниската површина. Работната површина на Инсталацијата треба да биде изведена со мин. 2% наклон во согласност со проектот, а со цел да се транспортира површинската вода кон каналите за евакуација на водата.

Слика 25 Правци на распростирање и набивање на јаловината

Изведбата на Инсталацијата за суво одлагање е предвидена така што таа ќе спречи инфилтрација на вода од врнежи и површински води во Хидројаловиште 2 со

што поволно ќе делува на намалување на нивото на подземна вода во Инсталацијата. Намаленото ниво на подземна вода ќе резултира со поповолни услови за фундирање на новото јаловиште и ќе ја подобри стабилноста. Пиезометри ќе бидат вградени вдолж идната ножицата на источната косина на Инсталацијата за суво одлагање за да се обезбедат дополнителни податоци за нивото на подземна вода. Преку пиезометрите кои се предвидени да се инсталираат ќе се мери порниот притисок во Инсталацијата за суво одлагање и во постоечките хидројаловишта 1 и 2 кои се практично подлога врз која ќе се формира Инсталацијата.

Поради променливите услови на фундирање (коти, геотехнички параметри и ниво на подземна вода) геометриското решение на источната косина на Инсталацијата е променливо односно варира во зависност од наведените услови, изработени се четири карактеристични профили (Пресек А, Пресек В, Пресек С и Пресек D). Наклоните на косините од Инсталацијата и камениот насип се константни по должина на јаловиштето и тоа за јаловината 1V:2.5H и за камениот насип во ножица на источната косина 1V:2H. Камениот насип ќе биде изведен од кота на постоечкиот терен до максималната кота на одлагање на јаловиштето 1038.5 mnv.

За да се подобри стабилноста на Инсталацијата, ќе биде изведен насипот од кршен камен на делови по должина на источната косина и нејзината ножица. Насипот од кршен камен ќе се изведе со слоеви со максимум 1 m дебелина и ќе се набие до кота на постоечкиот терен. Материјалот за оваа намена ќе биде составен од руднички камен кој претходно ќе биде очистен и ќе ги задоволи потребните критериуми за јакост на смолкнување (Leps 1970) за каменит материјал.

Контролата на исправност на автоматските системи за детекција на пожар, согласно европските стандарди со систем за заштита IP 65, во Рудник САСА дооел - Македонска Каменица, по основ на Договор за одржување и сервисирање на опрема за ПП заштита , е извршено континуирано од 15.09. и заклучно со 18.09.2022 год. од страна на вработените од сервисот за одржување и поправка на уреди, инсталации , техничка опрема и средства за гаснење на пожари ДПТУ Огно – Протект дооел – Скопје.

Овластување бр: СГИ 08-45/6 од 04.07.2019 год. издадено од Влада на РМ (Дирекција за заштита и спасување),

Сервисирањето на автоматски систем за гаснење на пожар е извршено на следниве локации ;

1

Контрола на исправности на автоматски систем за детекција на пожар - Адресибилни централи

Ред. број	Локација	Рачен јавувач на пожар	Адрес. сирена	Димно оптички детектор	Термички детектор	БИМ детектор
Диспечерски центар - Адресибилна централа						
1	Горна управна зграда - **Приземје**	3	3	22	/	/
2	Горна управна зграда – **Први кат**	1	1	10	/	/
3	**Геодетско**	/	1	3	/	/
4	Училници	1	1	3		
5	Ремиза	/	/	2	/	/
6	Компресорница Трафостаница Острачница	1	1	2	/	1
7	Ремиза	/	/	2	/	/
8	Чета за спасување	1	1	3	/	/

Команден пулт – Флотација - Адресибилна централа

Ред. број	Локација	Рачен јавувач на пожар	Адрес. сирена	Димно оптички детектор	Термички детектор	БИМ детектор
1	Машинска работилница	2	1	2	/	1
2	Долна лабораторија	8	1	27	/	/
3	Барака за електро	1	1	3	/	/
4	Барака за база	/	/	1	/	/

ОГНО ПРОТЕКТ
Скопје

2

5	Главен магацин	2	1	38	1	/
6	Долна Управна зграда -Приземје-	1	1	15	1	/
7	Долна Управна зграда -Први кат-	1	1	10	1	/
8	Долна Управна зграда -Подрум-	/	/	2	/	/
9	Хемиска лабораторија -Приземје-	1	1	11	/	/
10	Хемиска лабораторија -Први кат-	1	1	16	/	/
11	Флотација - Приземје-	5	1	23	/	2
12	Флотација - Канцеларии -Први кат -	2	1	10	/	/
13	Флотација -Канцеларии - Втори кат-	1	1	10	/	/
14	Флотација -Подрум -	/	/	6	/	/

Аналогна централа за детекција и дојава на пожар- Бензинска пумпа

Ред. број	Локација	Рачен јавувач на пожар	Адрес. сирена	Димно оптички детектор	Термички детектор	БИМ детектор
1	Бензинска пумпа	3	1	8	/	/

Далечински команден панел (Рипитер) во Диспечерски центар, за контрола и следење на ПП систем инсталиран на Бензинска станица

ВКУПНО	34	19	226	3	4

ОГНО ПРОТЕКТ доел Скопје

3

ЗАКЛУЧОК:

По извршената контрола на Автоматскиот систем за детекција на пожар, при што се земени во предвид и анализирани сите мерки предвидени од страна на производителот за правилно функционирање на истиот во согласност позитивните законски прописи на РМ и констатирано е дека сите елементи се комплетни и функционални, со што се потврдува исправност и се ставени во функција до предвиениот нареден сервисен преглед .

ЗАБЕЛЕШКА:

Контролното испитување е со рок на важност од **Три месеци** заклучно со **Декември 2022 год.**

Преглед и испитување извршија вработени од нашата компанија:

Скопје, 31.09.2022 год.

Подготвил :
Стручно лице по БЗПР

Коста Костов

Огно – Протект дооел
Управител

Гиевски Саше

4

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување

Врз основа на Закон за пожарникарството (Службен весник на Р.М. бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16) член 45, став (2), се издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси

на

Друштво за производство, трговија и услуги ПАСТОР УНИВЕРЗАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Подружница бр.4 ул.Борис Трајковски бр.73

со ЕМБС 6091962/4 и ЕДБ 4030006588680

објавено во Службен весник на Р.М. број 148 од 10.08.2018 год.

Рег.бр.СГИ0861/3
Датум 01.08.2018 год.

ДИРЕКТОР
Аднан Џаферски

Прилог 12 Шема на складишта за отпад во рамките на инсталацијата



Прилог 13 Регистарски броеви на Лиценца/ дозвола на претприемачи за собирање на отпад од рудник САСА ДООЕЛ и датум на истекување на важечки дозволи

1. **„НУЛА ОТПАД“ ДОО Скопје**

   Компанијата ги поседува следните Дозволи за постапување со отпад:

   a. Дозвола за постапување со отпадни батерии и акумулатори - рег. бр. 11/2-1898/2021 од 29/03/2022,

   b. Дозвола за постапување со отпадна електрична и електронска опрема - рег. бр. 11/22-1997/2022 од 29/03/2022

2. **“АЛ-КОМЕРЦ” ДООЕЛ** за управување со отпад од пакување, Дозвола бр. 31-29/2018 издадена на 14/02/2018 до 14/02/2023

3. **“Ал Пак Еко”**

   Компанијата поседува Дозвола за колективно постапување со отпад од пакување уп1-11/2-94/2022 од 24/03/2022

4. **“Минол Штип”**

   Компанијата ги поседува следните Дозволи за постапување со отпад:

   a. Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад - рег. бр. 31-1133/2019 од 30/12/2019 до 30/12/2024,

   b. Дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад - рег. бр. 1-23-162/2017 од 07/04/2017 до 07/04/2027

5. **ДТ “Ивал-трејд”- Штип**

   Потврда за регистрација на производители со отпадни батерии и акумулатори 11/2-822/2022 од 29.04.2022, до 13.06.2032.

6. **“Еко Инженеринг”** го собира отпадот од делови од самоспасители, отпадни филтри за воздух и мешано пакување согласно Дозвола бр. УП1-31-1404/2019 од 11/12/2019 до 11/12/2029.

7. **ЈП „Камена Река“**
   Регистарски број на лиценца 31-588/2018 за транспорт на неопасен отпад издадена од 04/06/2018 важи до 04/06/2023.

8. **ЕКО ТЕАМ -Скопје**
   Регистарски број на лиценца УП1-23/251 за транспорт на опасен отпад издадена од 27/03/2017 важи до 27/03/2027.

Прилог 14 Договор со компанијата "НУЛА ОТПАД" ДОО Скопје за собирање на отпадни батерии и акумулатори

Друштво за управување со отпад НУЛА ОТПАД ДОО Бр. 03-2061/1 20.02.2018 СКОПЈЕ

ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

Рудник САСА ДООЕЛ Бр. 03-2191/1 16.02.2018 год. Македонска Каменица

Склучен на ден 15.02.2018 година, помеѓу:

1.НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, со седиште на ул. Јосиф Јосифовски Свештарот бр.37/2, 1000 Скопје

ЕДБ: МК4032012518645
Ж-сметка: 200002491423070
Депонент на: Стопанска Банка АД Скопје
Застапувано од управителот Марјанчо Дамески, во понатамошниот текст како НУЛА ОТПАД

2.Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, со седиште на ул. Рударска бр.28, 2304 Македонска Каменица

ЕДБ: МК4030005555532
Ж-сметка: 530-0501015265-33
Депонент на: Охридска Банка АД Скопје
Застапувано од управителот Неил Стевенсон,во понатамошниот текст како Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица.

Член 1

Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со поставување и користење на посебно означени садови за собирање на отпадни батерии и акумулатори во објекти на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, и тоа на:

- Преносни батерии или акумулатори и
- Батерии во форма на копче.

Член 2

НУЛА ОТПАД е сопственик на посебно означени сад за собирање на отпадни батерии и акумулатори, и истиот е пластична кутија во форма на цилиндар.

НУЛА ОТПАД е согласен да го отстапи садот за собирање на отпадни батерии и акумулатори на користење во објекти на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, без никаков финансиски надоместок од страна на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица.

Член 3

Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица се обврзува да обезбеди соодветен простор во своите објекти за поставување на садот за собирање на отпадни батерии, кој нема да биде директно изложен на надворешни услови.

Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица е согласен, отстапувањето на просторот во своите објекти за поставување на сад за собирање на отпадни батерии, да биде без никаков финансиски надоместок од страна на НУЛА ОТПАД.

1/1

Член 4

Корисникот е должен подвижните ствари, предмет на овој договор, да ги користи како добар домаќин, а евентуалните оштетувања без одлагање да ги отстрани и за истото да го извести НУЛА ОТПАД.

Во случај на кражба на садот или целосна нефункционалност на истиот Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица е должен да ја плати целосната вредност на садот, поточно надокнада од 3.000,00 денари.

Член 5

Договорните страни се согласни дека собраниот отпад од батерии и акумулатори во садовите од сите локалитети на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, е сопственост на НУЛА ОТПАД по превземање.

Превземањето на отпадот од батерии и акумулатори ќе се врши единствено по повик од страна на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица.

Член 6

Овој договор се склучува на 1 година, со можност за продолжување.
Доколку Договорот не биде продолжен или биде раскинат од страна на втората договорна страна, Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица се обврзува да ги испорача доставените садови за собирање на отпадни батерии и акумулатори, директно до просториите на НУЛА ОТПАД ДОО Скопје.
Истиот стапува на сила од моментот на неговото потпишување.

Член 7

Двете договорни страни имаат право едностранo да го раскинат Договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна најмалку 2 (два) месеци пред бараниот датум на раскинување.

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од двете договорни страни во секое време без дополнителен отказен рок во следниот случај:

- Една од договорните страни прекрши една или повеќе од своите обврски утврдени со овој Договор, а прекршокот не е поправен во рок од 8 (осум) работни дена по известувањето добиено во писмена форма од совесната договорна страна.

Член 8

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспроведлив од страна на надлежен суд или друг орган, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема на никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство овој договор.

Член 9

Измени и дополнување на овој Договор може да се направат само во писмена форма со взаемна согласност на договорните страни.

Член 10

Сите идни измени и дополнувања на Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни на овој Договор ќе бидат имплементирани во овој Договор, по потпишување на анекс кон договорот со согласност на двете договорни страни.

Секоја ситуација која не е предвидена со овој Договор ќе биде разрешена согласно позитивните законски прописи важечки во Република Македонија.

Член 11

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го разрешат спогодбено.

Доколку тоа биде невозможно, двете договорни страни се согласни надлежен суд да биде стварно и месно надлежниот суд за тужената странка.

Член 12

Одговорно лице за законитост во спроведувањето на овој договор од првата договорна странка е Емир Адем, а од втората договорна странка е раководителот Марија Стојановска.

Член 13

Договорот е составен во 2 (два) идентични примероци, од кои по 1 (еден) за договорните страни.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

НУЛА ОТПАД ДОО Скопје	**Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица**
ул. Јосиф Јосифовски Свештарот бр.37/2	ул. Рударска бр.28
1000	2304
Скопје	Македонска Каменица
Управител	Управител
Марјанчо Дамески	Неил Стевенсон

Друштво за управување со отпад ОТПАД НУЛА ОТПАД ДООЕЛ СКОПЈЕ

РУДНИК САСА ДООЕЛ Македонска Каменица

16.02.18

Прилог 15 Договор со ДТ "Ивал-трејд"- Штип

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА
ИВАЛ ТРЕЈД ДОО експорт-импорт
Бр. 0307/161
14.12 2022 год.
Штип

Рудник САСА ДООЕЛ
Бр. 03-1516/1
14.12 2022 год.
Македонска Каменица

ДОГОВОР ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОТПАДНИ АКУМУЛАТОРИ

Склучен помеѓу:**Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица** со седиште на ул. Рударска бр. 28, 2304 Македонска Каменица, и ЕДБ МК4030005555532, ж-сметка 300000002124530 депонент Комерцијална Банка, претставувано од управителот Цхристопхер Бриан Цолбоурне од една страна како Поседувач на отпадот и

Друштвото за трговија и експорт-импорт **ИВАЛ ТРЕЈД ДОО Штип** со седиште на ул.Железничка бр.28 и ЕДБ.4029994103680 ж-ска 250000000017474 депонент Шпаркасе банка, Штип претставувано од управителот Валентина Т.Кашуба од друга страна како Преземач на отпадот.

Член 1

Предмет на овој договор е преземање на отпадни акумулатори од поседувачот Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица.

Цената за преземање на отпадни акомулатори изнесува 24, 00 денари за 1 кг кои Преземачот треба да му ги плати на Поседувачот.

Преземачот се обврзува да ги преземе отпадните акомулатори во рок од 7 дена сметано од денот кога бил известен за потребата.

Доколку настане промена на цената на оловото на берза, Преземачот има обврска писмено да го извести Поседувачот за изменетата цена, при што се обврзува да ги преземе отпадните акомулатори исклучиво по писмено одобрување од страна на Поседувачот кој се согласил со понудената цена.

Член 2

Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица има обврска да ги собере одвоено отпадните акомулатори согласно правилата за складиштење и навремено ке го известува Преземачот кој поседува дозволи за вршење на дејност складирање и третман на отпад дозвола бр. УП1-11/2-822/2022 со важност од 14.06.2022 до 13.06.2032 година и дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на опасен отпад бр.УП1-23-1365/2017 со важност од 01.12.2017г. до 01.12.2027г издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 3

Преземачот е обврзан да поседува Договор за соработка со фирма која има дозвола за понатамошно преработување на опасни материи.

Член 4

Поседувачот е должен да обезбеди услови за утовар на предметните ствари до возилото на Преземачот кој се обврзува предметните ствари да ги складира,преработи,да води евиденција

за сите земени примероци согласно со дозволата добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 5

Преземачот е должен да се потпише на превозниот/евидентниот лист за преземање на отпадот на Поседувачот во продолжение ако стоката ја примил во согласност со договорот и со наведените ознаки.

Член 6

Во случај на непредвиден настан,веднаш се идентификува случајот и се повикува државниот инспекторат за животна средина,од страна на Превземачот или Поседувачот во зависност од локацијата на самиот настан.

Член 7

Преземачот ИВАЛ ТРЕЈД ДОО Штип ќе му ја исплати преземаната стока (отпадни акумулатори) на поседувачот веднаш по прием на фактура,испратница,транспортен формулар за опасен отпад, товарен лист, идентификационен лист, кантарна белешка,во оригинал.

Член 8

ПРЕЗЕМАЧОТ СЕ ОБВРЗУВА:

(a) Да се придржува на сите важечки закони, статути, прописи кои се однесуваат на спречување на поткуп и спречување на корупција вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на Законот за поткуп на Велика Британија од 2010 година, Законот за надворешни коруптивни практики на САД и Кривичниот Закон за финансии на Велика Британија 2017 (релевантни барања);

(b) да не се вклучуваат во каква било активност, пракса или постапка која би претставувала прекршок согласно членовите 1, 2 или 6 од Законот за поткуп од Велика Британија од 2010 година:

I. дел 1 (директна или индиректна понуда или плаќање поткуп во замена за несоодветното извршување на соодветна функција или кршење на соодветната должност);

II. дел 2 (директно или индиректно барање или примање на поткуп во замена за неправилно извршување на релевантна функција или со кршење на релевантна должност); или

III. дел 6, (директно или индиректно поткупување странски државен службеник со цел да влијае на нив и да бара да задржи или да добие бизнис или предност во бизнисот),

вакво однесување може да се случи било каде во светот;

(c) Да се согласи со политиката за спречување на корупција на Поседувачот достапна на веб-страната https://www.centralasiametals.com/corpoate-governance/company-policies]), која што се ажурира одвреме-навреме од страна на Поседувачот (Соодветни политики)

(d) има и ќе ги спроведува сопствените политики и процедури во текот овој Договор, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на соодветнните процедури според Законот за поткуп од 2010 и разумни постапки за превенција според Дел 3 од Кривичниот Закон за финансии 2017 од Обединетото Кралство за да се обезбеди усогласеност со Соодветните барања и одредби 9 (б), и ќе ги спроведе таму каде што е соодветно;

(e) веднаш да пријави до Поседувачот за секое барање или молба за каква било незаконска финансиска или друга корист од било кој вид добиена од Преземачот во врска со исполнувањето на овој Договор;

(f) веднаш да го извести Поседувачот (во писмена форма) ако некој странски државен службеник стане службеник или вработен кај Преземачот или се стекне со директен или индиректен интерес кај Преземачот и Преземачот гарантира дека нема странски јавни службеници како директни или индиректни сопственици, службеници или вработени на датумот на овој Договор; и

(g) во рок од два месеца од датумот на овој Договор, а потоа и на годишно ниво, писмено ќе ја завери Усогласеноста со оваа одредба за Преземачот и сите лица поврзани со него, со потпис од овластено лице на Преземачот. Преземачот ќе обезбеди придружни докази за усогласеноста, доколку Поседувачот основано ги побара.

Давањето на олеснително плаќање во смисла на одредбата (б) претставува поткуп и е прекршок според Законот за поткуп на Велика Британија од 2010 година. За целите на овој договор, платежното олеснување е кога плаќањето е направено на поединец (и) за рутински функции за да се осигура дека поединецот ќе ја изврши својата должност воопшто или побрзо.

Не треба да се склучува никаков поддоговор без конкретна антикорупциска анализа извршена од Преземачот.

Преземачот гарантира дека секое лице, поврзано со него, кое врши услуги или обезбедува стоки во врска со овој Договор, тоа го прави само врз основа на писмен договор во кој се наметнати услови, еквивалентни на оние кои се наметнати на Преземачот со оваа одредба (Релевантни услови).

Преземачот е одговорен за почитувањето и извршувањето на услугите од страна на лицата од релевантните услови, и директно е одговорен пред CAML за какво било прекршување од тие лица на било кој од релевантните услови.

Прекршувањата на оваа одредба ќе се сметаат за материјално прекршување според овој Договор.

За целта на оваа одредба , значењето на соодветните постапки, странскиот јавен службеник и дали лицето е поврзано со друго лице ќе се утврди согласно член 7 (2) од Законот за поткуп од

Велика Британија од 2010 (и сите упатства издадени во делот 9 од тој акт), делови 6 (5) и 6 (6) од тој акт и делот 8 од тој закон, соодветно.

За целта на оваа одредба под лице поврзано со Преземачот се подразбира, но не е ограничено на некој од подизведувачите на Преземачот.

Преземачот треба да ги почитува сите закони, статути и прописи за човекови права (оние меѓународно признати човекови права изразени во Меѓународниот акт за човекови права и Декларацијата на Меѓународната организација на трудот за основните принципи и права при работа) и да ги вклучува таквите одредби во работењето со директни подизведувачи како и да го известат Клиентот доколку стане свесен за повреда или сомневање за повреда.

Барања во делот на Заштита на животната средина
Преземачот од денот на склучување на договорот има должност за Заштита на животна средина. Изведувачот откако ќе потпише дека му е извршена воведна обука за Заштита на животна средина од Поседувачот, може да отпочне со договорените активности.
Преземачот е должен обврските за Заштита на животната средина од Поседувачот да ги регулира во поддоговорот со Подизведувачот(доколку има).

Член 9

Преземачот презема полна одговорност (во таа смисла и одговорност за надомест на материјална штета) за евентуални несреќни случаи предизвикани од или со последици по работниците ангажирани од негова страна.

Преземачот има обврска согласно Законот за безбедност и здравје при работа да ги спроведе сите потребни заштитни мерки за операторот на возилото и истото е негова обврска.

Член 10

Преземчот нема ексклузивно право за преземање на отпадните акомулатори од Поседувачот.

Во случај на спор на договорените страни надлежен е Основен суд Штип.

Член 11

Овој договор е со важност од 2 години од денот на потпишување.

Поседувач
Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица

Преземач
ИВАЛ ТРЕЈД Доо Штип

Прилог 16 Договор со ЈП „Камена Река“

РУДНИК САСА ДООЕЛ
Бр. 03-1333
08.06 2006 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Д О Г О В О Р

Склучен на ден _____ помеѓу ЈП„Камена Река„ М.Каменица како давател на услуга, и Рудник„САСА„ - М.Каменица како корисник на услуга.
Предмет на договорот е вршење на услуга - изнесување и транспорт на контејнери со ѓубре.

Член 1

ЈП„Камена Река„ - М.Каменица како давател на услуга се обврзува да врши изнесување и транспорт на контејнери од 5м3 со ѓубре.

Член 2

Услугата се извршува по претходен повик од корисникот на услугата.

Член 3

Корисникот на услугата е должен да обезбеди надзорно лице при вршење на услугата и истото да потпише за извршената работа.

Член 4

Надоместокот за извршената услуга за едно празнење на 3 контејнера по претходно доставена понуда изнесува 5,900,00 ден. во кој износ е пресметан и ДДВ од 18 %.

Член 5

Корисникот на услугата се обврзува да ги подмирува сметките по уредно доставена документација (фактура) за извршената услуга од страна на давателот на услугата.

Член 6

Договорот е склучен во 4 (четири) примероци по 2 (два) за договорните странки.

Корисник на услуга:
Рудник „САСА„ -

Давател на услуга:
ЈП„Камена Река„

Прилог 17 Договор помеѓу Рудник Саса ДООЕЛ Македонска Каменица и ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО
Бр. 03-1198/1
15.12. 2022 год.
СКОПЈЕ

Рудник САСА ДООЕЛ
Бр. 03-1517/1
14.12. 2022 год.
Македонска Каменица

ДОГОВОР

ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Склучен во Скопје, помеѓу:

1. **Друштвото за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** со адреса: ул. Перо Наков бр. 116 , (во кругот на МЗТ), 1000 Скопје и ЕМБС: 6371698, ЕДБ: 4030008034550, застапувано од Управителот Жељко Шмитран во понатамошниот текст: **Првата договорна страна**),

и

2. **Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица,** со седиште: ул. Рударска 28, 2304 Македонска Каменица и ЕМБС: 6006094, ЕДБ: МК 4030005555532, застапувано од Управителот Цхристопхер Бриан Цолбоурне (во понатамошниот текст: **Втората договорна страна**)

КАДЕ ШТО,

Првата договорна страна е друштво регистрирано за дејноста заштита на животната средина во согласност со законската регулатива на Република Северна Македонија и има соодветно знаење, искуство и know-how да ги обезбеди услугите во областа на индустриско чистење и управување со опасен и неопасен отпад;

КАДЕ ШТО,

Втората договорна страна има потреба од услуги во сферата на животната средина, па Првата договорна страна е заинтересирана да му ги обезбеди таквите услуги, во согласност со условите на овој договор;

CONTRACT

FOR PROVIDING ENVIRONMENT PROTECTION SERVICES

Concluded in Skopje, between:

1. **Environment Protection Company ЕКО-ТЕАМ DOO Skopje** with an address at street Pero Nakov BB, (in the MZT area), 1000 Skopje, CIN 6371698, TIN 4030008034550, represented by the Director Zeljko Smmitran (hereinafter referred to as: **First contract party**),

and

2. **SASA mine DOOEL Makedonska** Kamenica, with a seat at Rudarska street no. 28, 2304 Makedonska Kamenica and CIN 6006094, TIN MK4030005555532 represented by the Director Christopher Brian Colbourne (hereinafter referred to as **Second contract party)**

WHERE,

The first contract part is a company is registered for environment protection activity in accordance with the law regulation of Republic of Macedonia and has appropriate knowledge, experience and Know-how to provide services in the area of industrial cleaning and handling hazardous and non-hazardous waste;

WHERE,

The second contract party has a requirement of services in the environment area, so the Fist contract party is interested in providing these services, in accordance with the conditions of this contract;

КАДЕ ШТО,

Страните на договорот го склучуваат овој договор за меѓусебна соработка со цел да ги утврдат меѓусебните права и обврски;

Со оглед на горенаведеното, договорните страни на денот на потпишувањето на овој договор, се договорија за следново:

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со пружање на услуги од сферата на заштита на животната средина и тоа превземање, транспорт и згрижување на разни видови опасен и неопасен индустриски отпад од локацијата на објектот на Втората договорна страна.
Наведените услуги ќе се применуваат и вршат за сите локалитети на Втората договорна страна.

Втората договорна страна не се обврзува дека за услугите од претходниот став на овој член, ќе ја ангажира исклучиво Првата договорна страна за времетраењето на овој Договор.

ОБЕМ НА УСЛУГИТЕ

Член 2

Видот на услугите е утврден во Понудата од 17.10.2022 со бр. 077-2022 -П-ЗБ која претставува Прилог 1 кон договорот, а која е негов составен дел.

Количините од договорот се само индикативни и необврзувачки за двете договорни страни.

Обемот на услугите, местото каде треба да се извршат услугите, како и други права и обврски помеѓу договорните страни ќе се регулираат со

WHERE,

The contract parties conclude this contract with a mutual cooperation in order to determine the mutual rights and obligations;

In regards to the aforementioned, the contract parties from the day of signing this contract, agreed on the following:

SCOPE OF THE CONTRACT

Article 1

Scope of this contract is regulating the mutual rights and obligations of the contract parties regarding service performance in the area of environment protection and then taking over, transport and handling various types of hazardous and non-hazardous waste from the facility location of the Second contract party.

The stipulated services will apply and performed for all locations of the Second contract party.

The Second contract party is not obliged that the services from the previous paragraph of this article, will engage exclusively the First contract party for the time period of this Contract.

SCOPE OF THE SERVICES

Article 2

The type of services is confirmed in the Offer from 17.10.2022 with No. 077-2022- П-ЗБ that is Appendix 1 of this Agreement and is a part of the Agreement.

Quantities from the contract are only indicative and not obligatory for the two contract parties.

The scope of the services, the place where the services will be performed, as well as other rights and obligations among the contract parties, will be

доставување на писмена нарачка од страна на Втората договорна страна.

Член 3

Услугите од Член 1 на овој Договор, Првата договорна страна ќе ја изврши врз основа на писмена нарачка или е-маил од страна на Втората договорна страна во рок од 4 работни дена.

По примање на писмената нарачка или е-маил, Втората договорна страна се обврзува да им овозможи на овластените работници на Првата договорна страна, непречен пристап во соодветниот објект каде ќе треба да бидат извршени услугите.

Во случај на доцнење со извршување на услугата од страна на Првата договорна страна, Втората договорна страна има право на договорна казна. Договорната казна се одредува во износ на 5% од вредноста на услугите што доцни за секоја недела доцнење. Вкупната вредност на пеналите неможе да надмине 5% од вредноста на договорот без ДДВ.

КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ

Член 4

Првата Договорна страна и гарантира на Втората договорна страна дека услугите предмет на овој договор ќе ги извршува на квалитетен и професионален начин со почитување на сите стандарди во оваа област и со почитување на сите законски прописи кои се однесуваат на оваа услуга во Република Северна Македонија.

Првата договорна страна изречно изјавува и потврдува дека ги има сите лиценци, сертификати, одобренија, дозволи, како и други акти за давање на услугите согласно националната и европската законска легислатива.

regulated by delivering a written order by the Second contract party.

Article 3

The service from Article 1 of this Contract, the First contract party will performed on the basis of the written order or e-mail from the Second contract party within 4working days.

Upon accepting the written order or -email, the Second contract party obliges to provide the authorized workers of the First contract party, unlimited access to the proper facility where services should be performed.

In case of delay in the performance of the service by the First Contracting Party, the Second Contracting Party shall have the right to contractual penalty. The contractual penalty is determined in the amount of 5 percent from the value of the ordered quantity which delays for each week of delay. The total value of the penalties cannot exceed 5% of the value of the contract without VAT.

SERVICE QUALITY

Article 4

The First contract party guarantees the Second contract party that the services subject of this contract will perform in a quality a professional manner by abiding all standards in this area and by abiding all legal regulations that apply to this service in Republic of Macedonia.

The First contract party states and confirms that it has all licenses, certificates, approvals, permits, as well as other acts for providing services in accordance with the national and European law legislation.

Првата договорна страна е должен при изведување на договорените обврски да ги почитува и применува сите прописи согласно законот за безбедност и здравје при работа и законот за работни односи, како и сите подзаконски акти поврзани со истите и изјавува дека е запознаен и дека ќе се придржува кон барањата и насоките за безбедност и здравје при работа презентирани на воведната обука за изведувачи од страна на Службата за Безбедност и здравје при работа на Втората договорна страна.

Првата договорна страна цело време ќе се придржува кон Планот за управување со безбедност и здравје при работа на Втората договорна страна и придружните оперативни процедури, воведените практиките за управување со опасности, ризици и можности, презентирани исто така на воведната обука за изведувачи.

Страните договорно се согласни дека Првата договорна страна има полна материјална одговорност за евентуални телесни повреди или штета кои ќе бидат предизвикани од страна на лица, ангажирани од негова страна, кон Втората договорна страна, кон вработени лица кај Втората договорна страна или трети лица при исполнувањето на обврските од овој Договор и полна материјална одговорност за евентуални телесни повреди или штета со последици врз лица, ангажирани од негова страна при исполнувањето на обврските од овој Договор.

The First contract party is obliged to comply with and apply all regulations in accordance with the Law on Safety and Health at Work and the Law on Labor Relations, as well as all related bylaws when performing the agreed obligations and declares that he is aware and that he will comply with the requirements and guidelines for safety and health at work presented at the introductory training for Providers by the Occupational Safety and Health Department of the Second contract party .

The First contract party will adhere to the Second contract party 's Occupational Safety and Health. Management Plan at all times and the accompanying operational procedures, the introduced practices for managing hazards, risks and opportunities, also presented at the introductory training for Providers.

The parties agree that The First contract party has full material responsibility for possible bodily injuries or damage that will be caused by persons engaged by him, to the Second contract party , to employees of the Second contract party or third parties in fulfilling the obligations under this Contract and full material liability for possible bodily injury or damage with consequences on persons engaged by him in fulfilling the obligations of this Contract.

Член 5

Првата Договорна страна потврдува дека работниците кои ќе ги извршуваат услугите:

- се вработени кај првата договорна страна;
- поседуваат потребни квалификации за изведување на предвидените работи;
- поседуваат соодветни дозволи, сертификати или други потврди издадени од надлежни органи за извршување на работите;
- поседуваат соодветни дозволи за управување со отпад и тоа: дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад, дозвола за вршење на дејност трговија со неопасен отпад, дозвола за вршење на дејност складирање и

Article 5

The First contract party confirms that the workers will perform the services:

- are employed by the First contract party;
- have the required qualifications for performing the prescribed works;
- have the appropriate licenses, certificates and other certificates issued by competent bodies for work performance;
- have appropriate waste management licenses, as: license for collecting and transport of hazardous waste, license for trade with hazardous waste, license for storing and treatment of waste and license for collecting and

третман на отпад и дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови неопасен и опасен отпад;

- поседуваат соодветни сертификати за овозможување на консултантски услуги во областа на животната средина, и тоа: сертификат за оценка на влијанието на проектите врз животната средина, сертификат за стратегиска оценка на влијанието на планските документи врз животната средина и сертификат за управител со отпад;
- поседуваат соодветна обука за безбедност и здравје при работа во согласност со позитивните законски прописи;
- поседуваат индивидуална опрема за лична заштита која одговара на видот и работата што ќе ја извршуваат.

transport of urban and other hazardous and non-hazardous waste;

- have appropriate certificates for enabling consultant services in the area of environment: certificate for evaluation of the project's effects on the environment, certificate for strategic evaluation of the impact of the planned documents on the environment and certificate for waste manager;
- have proper occupational health and safety training in accordance with the positive legal regulations;
- have individual equipment for personal protection which fits the type and work they will perform.

Член 6

Првата Договорна страна изјавува и потврдува дека возилата и опремата како и другите средства за работа се соодветни на работите кои ќе се извршуваат, дека за истите поседува АДР сертификати и дека редовно се сервисираат и чуваат во добра функционална состојба.

Article 6

The First contract party states and confirms that the vehicles and equipment as well as other means for work are appropriate to the works that are performed, that they have ADR certificates and are regularly serviced and maintained in good functional condition.

ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

(1) Втората договорна страна се обврзува дека ќе изврши плаќање во рок од 45 дена од денот на извршувањето на претходно побараните услуги и по доставената фактура.

(2) Во случај на доцнење на исплатата на договорениот износ, Втората договорна странка е должна да плати и казнена камата утврдена со законските прописи.

COST AND METHOD OF PAYMENT

Article 7

(1) The Second contract party obliges to pay within 45 days from the day of performance of previous required services and after delivered invoice.

(2) In case there is a delay in payment of the agreed amount, the Second contract party is obliged to pay fine interest rate established by the legal regulations.

ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ (ДЕЛОВНА ТАЈНА)

Член 8

DATA CONFIDENTIALITY (BUSINESS SECRET)
Article 8

All information that both parties will receive and acknowledge in the course of the service

Договорот се склучува за период од 2 (две) години, со можност за негово продолжување и важи од денот на неговото потпишување.

The Contract is concluded for a period of 2 (two) years, with a possibility for its continuation and is valid from the day of its signing.

Ако договорот не биде писмено раскинат последниот месец од периодот за кој што е склучен, ќе се смета дека тој е премолчено продолжен за наредна година под исти услови определени во него и без склучување на нов договор.

If the contract is not terminated in writing on the last month of the duration for what it is concluded, will be considered as silent continuation for the following year under the same established conditions and without conclusion of new contract.

Двете страни имаат право еднострано да го раскинат договорт во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна со рок од 30 (триесет) дена пред бараниот датум за раскинување.

Both parties have a right to unilaterally terminate the contract, by delivering written notice send from the other contract party within 20(thirty) days prior to the request termination date.

Ниту една договорна страна не одговара за надомест на штета за еднострано, предвремено раскинување на договорот.

No contracting party is liable for damages for unilateral, early termination of the contract.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

FINAL PROVISION

Член 12

Article 12

Сите евентуални промени на содржината на овој договор, ќе се решаваат исклучиво со писмени анекси на основниот договор, потпишани од двете страни.

All eventual content changes of this contract, will be solved exclusively with written annexes of the main contract, signed by both parties.

Член 13

Article 13

Договорните страни се согласни дека сите евентуални спорови за времетраењето на договорот, ќе се решаваат споразумно со почитување на работните интереси и на едната и на другата договорна страна.

The Contract parties are agreed that all eventual disputes regarding contract time period, will be solved mutually for the business interests of both contract parties.

Во случај да не биде постигнато такво решение, спорот ќе се решава пред Основниот Суд во Скопје.

In case there is no mutual solution, the dispute will be solved thorough the Main Court in Skopje.

Член 14

Article 14

Првата договорна страна е должна:

The First contract party shall:

- да се согласи со сите важечки закони, статути, прописи кои се однесуваат на мито и корупција (релевантни барања);
- да не прифати вклучувањево било каква активност, практика или однесување која вклучува:

·директна или индиректна понуда или давање мито или олеснително плаќање, во замена за неправилно извршување на релевантна функција или со кршење на релевантната должност;

·директно или индиректно барање или примање на мито или олеснително плаќање, во замена за неправилно извршување на релевантна функција или со кршење на релевантната должност; или

·директно или индиректно поткупување на јавен службеник или олеснително плаќање за да влијаат врз нив и да бараат да задржат или да добијат бизнис или предност во работењето,

вакво однесување може да се случи било каде во светот;

- има и ќе ги воспостави, во текот на целиот период на овој Договор, сопствени политики и процедури за да обезбеди усогласеност со релевантните барања и овој член 14 и ќе ги применува онаму каде што е соодветно;

- веднаш да пријави до Рудник САСА за секое барање за каква било незаконска финансиска или друга корист од било кој вид добиена од Првата договорна страна во врска со карактеристиките на овој Договор;

- веднаш да го извести Рудник САСА (во писмена форма) ако некој странски јавен службеник стане службеник или вработен кај Првата договорна страна или се стекне со директен или индиректен интерес кај Првата договорна страна и истиот ќе гарантира дека нема странски јавни службеници како директни или индиректни сопственици, службеници или вработени на датумот на овој Договор; и
- во рок од два месеца од датумот на овој Договор, а потоа и на годишно ниво, ќе писмено ќе ја завери Усогласеноста со оваа одредба за Првата договорна страна и сите лица поврзани со него, со потпис од овластено лице на Првата договорна

- comply with all applicable laws, statutes, regulations relating to anti-bribery and anti-corruption (Relevant Requirements);
- not engage in any activity, practice or conduct which includes:

·the direct or indirect offer or payment of a bribe or facilitation payment in return for the improper performance of a relevant function or in breach of a relevant duty;

·direct or indirect request or receipt of a bribe or facilitation payment in return for the improper performance of a relevant function or in breach of a relevant duty; or

·directly or indirectly bribing a public official or making a facilitation payment in order to influence them and seek to retain or obtain business or an advantage in business,

wheresoever in the world such conduct may take place;

- have and shall maintain in place throughout the term of this Agreement its own policies and procedures to ensure compliance with the Relevant Requirements and this Article 14, and will enforce them where appropriate;

- promptly report to SASA Mine any request or demand for any undue financial or other advantage of any kind received by the First contract party in connection with the performance of this Agreement;

- immediately notify SASA mine (in writing) if a public official becomes an officer or employee of the First contract party or acquires a direct or indirect interest in the First contract party and the First contract party warrants that it has no foreign public officials as direct or indirect owners, officers or employees at the date of this Agreement; and

- within two months of the date of this Agreement, and annually thereafter, certify to SASA Mine in writing, signed by an officer of the First contract party, compliance with this clause by the First contract party and all persons associated with it

страна. Првата договорна страна ќе обезбеди придружни докази за усогласеноста, доколку Рудник Саса основано ги побара.

under this clause The First contract party shall provide such supporting evidence of compliance as SASA Mine may reasonably request.

Заради целите на член 14, олеснително плаќање е кога плаќањето е направено на поединецот (ите) за рутински функции за да гарантира дека лицето ја извршува својата должност брзо или воопшто ја извршува својата должност.

For the purposes of Article 14, a facilitation payment is where a payment is made to individual(s) for routine functions to ensure that a person performs their duty, either more promptly or at all.

Не треба да се склучува никаков поддоговор без конкретна антикорупциска анализа извршена од Првата договорна страна.

No subcontract shall be entered into without specific anti-corruption due diligence being completed by the First contract party.

Првата договорна страна ќе ги почитува сите закони, статути и прописи за човекови права (оние меѓународно признати човекови права изразени во Меѓународната повелба за човекови права и Декларацијата на Меѓународната организација на трудот за основните принципи и права при работа) и ги вклучува таквите одредби во своите зделки со директни подизведувачи како и да ја извести Втората договорна страна доколку стане свесна за прекршување или има сомневање за прекршување.

The First contract party will abide by all human rights laws, statutes and regulations (those internationally recognized human rights as enshrined in the International Charter of Human Rights and the International Labor Organization Declaration of Fundamental Principles and Rights at Work) and incorporate such provisions into its dealings with direct subProviders as well as to notify The Second contract party if he becomes aware of the violation or there is a suspicion of violation.

Првата договорна страна треба да ги почитува сите важечки закони, статути и прописи за борба против ропството и трговијата со луѓе и да ги вклучува таквите одредби во работењето со подизведувачи, како и да ја извести Втората договорна страна ако дознае за прекршување или има сомневање за прекршување.

The First contract party should comply with all applicable laws, statutes and regulations for the fight against slavery and trafficking and include such provisions in the work with subProviders, as well as notify The Second contract party if he learns of a violation or suspects a violation.

Првата договорна страна гарантира дека секое лице, поврзано со него, кое врши услуги или обезбедува стоки во врска со овој Договор, тоа го прави само врз основа на писмен договор во кој се наметнати услови, еквивалентни на оние кои се наметнати на Првата договорна страна со член 14 (Релевантни услови).

The First contract party shall ensure that any person associated with the First contract party who is performing services or providing goods in connection with this Agreement does so only on the basis of a written contract which imposes on and secures from such person terms equivalent to those imposed on the First contract party in this Article 14 (Relevant Terms).

Quantities from the contract are only indicative and not obligatory for the two contract parties.

The scope of the services, the place where the services will be performed, as well as other rights and obligations among the contract parties, will be regulated by delivering a written order by the Second contract party.

доставување на писмена нарачка од страна на Втората договорна страна.

Член 3

Услугите од Член 1 на овој Договор, Првата договорна страна ќе ја изврши врз основа на писмена нарачка или е-маил од страна на Втората договорна страна во рок од 7 работни дена.

По примање на писмената нарачка или е-маил, Втората договорна страна се обврзува да им овозможи на овластените работници на Првата договорна страна, непречен пристап во соодветниот објект каде ќе треба да бидат извршени услугите.

КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ

Член 4

Првата Договорна страна и гарантира на Втората договорна страна дека услугите предмет на овој договор ќе ги извршува на квалитетен и професионален начин со почитување на сите стандарди во оваа област и со почитување на сите законски прописи кои се однесуваат на оваа услуга во Република Северна Македонија.

Првата договорна страна изречно изјавува и потврдува дека ги има сите лиценци, сертификати, одобренија, дозволи, како и други акти за давање на услугите согласно националната и европската законска легислатива.

Изведувачот цело време ќе се придржува кон Планот за Раководење со Здравјето и Безбедноста на Клиентот и придружните оперативни процедури, практиките за раководење со ризик и Стандардот за раководење со изведувач. Добавувачот ќе осигури да тој припаѓа во горенаведените протоколи во соработка со Главниот инжинер на САСА и Раководителот за Безбедност во САСА.

Article 3

The service from Article 1 of this Contract, the First contract party will performed on the basis of the written order or e-mail from the Second contract party within 7 working days.

Upon accepting the written order or -email, the Second contract party obliges to provide the authorized workers of the First contract party, unlimited access to the proper facility where services should be performed.

SERVICE QUALITY

Article 4

The First contract party guarantees the Second contract party that the services subject of this contract will perform in a quality a professional manner by abiding all standards in this area and by abiding all legal regulations that apply to this service in Republic of Macedonia.

The First contract party states and confirms that it has all licenses, certificates, approvals, permits, as well as other acts for providing services in accordance with the national and European law legislation.

The Contractor shall comply at all times with the Customers Health and Safety management plan and associated safe operating procedures, risk management practices and Contractor management standard. Supplier is to ensure that he equaints himself with all of the above mentioned protocols through liaison with the SASA chief engineer and the SASA Safety manager.

Член 5

Првата Договорна страна потврдува дека работниците кои ќе ги извршуваат услугите:

- се вработени кај првата договорна страна;
- поседуваат потребни квалификации за изведување на предвидените работи;
- поседуваат соодветни дозволи, сертификати или други потврди издадени од надлежни органи за извршување на работите;
- поседуваат соодветни дозволи за управување со отпад и тоа: дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад, дозвола за вршење на дејност трговија со неопасен отпад, дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад и дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови неопасен и опасен отпад;
- поседуваат соодветни сертификати за овозможување на консултантски услуги во областа на животната средина, и тоа: сертификат за оценка на влијанието на проектите врз животната средина, сертификат за стратегиска оценка на влијанието на планските документи врз животната средина и сертификат за управител со отпад;
- поседуваат соодветна обука за безбедност и здравје при работа во согласност со позитивните законски прописи;
- поседуваат индивидуална опрема за лична заштита која одговара на видот и работата што ќе ја извршуваат.

Article 5

The First contract party confirms that the workers will perform the services:

- are employed by the First contract party;
- have the required qualifications for performing the prescribed works;
- have the appropriate licenses, certificates and other certificates issued by competent bodies for work performance;
- have appropriate waste management licenses, as: license for collecting and transport of hazardous waste, license for trade with hazardous waste, license for storing and treatment of waste and license for collecting and transport of urban and other hazardous and non-hazardous waste;
- have appropriate certificates for enabling consultant services in the area of environment: certificate for evaluation of the project's effects on the environment, certificate for strategic evaluation of the impact of the planned documents on the environment and certificate for waste manager;
- have proper occupational health and safety training in accordance with the positive legal regulations;
- have individual equipment for personal protection which fits the type and work they will perform.

Член 6

Првата Договорна страна изјавува и потврдува дека возилата и опремата како и другите средства за работа се соодветни на работите кои ќе се извршуваат, дека за истите поседува АДР сертификати и дека редовно се сервисираат и чуваат во добра функционална состојба.

ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Article 6

The First contract party states and confirms that the vehicles and equipment as well as other means for work are appropriate to the works that are performed, that they have ADR certificates and are regularly serviced and maintained in good functional condition.

COST AND METHOD OF PAYMENT

Article 7

Член 7

(Втората договорна страна се обврзува дека ќе изврши плаќање во рок од 15 дена од денот на извршувањето на претходно побараните услуги и по доставената фактура.

(2) Во случај на доцнење на исплатата на договорениот износ, Втората договорна странка е должна да плати и казнена камата утврдена со законските прописи.

The Second contract party obliges to pay within 15 days from the day of performance of previous required services and after delivered invoice.

(2) In case there is a delay in payment of the agreed amount, the Second contract party is obliged to pay fine interest rate established by the legal regulations.

ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ (ДЕЛОВНА ТАЈНА)

DATA CONFIDENTIALITY (BUSINESS SECRET)

Член 8

Сите информации кои двете Договорни страни ќе ги добијат и осознаат во текот на извршувањето на услугите претставуват деловна тајна и не смеат да се пренесуваат на трети лица без писмено одобрение и согласност на заинтересираната страна. Деловната тајна ги вклучува, без ограничување, информациите во материјален и нематеријален облик, вклучувајќи ги и информациите добиени усно или на било кој медиум на кој можат да се складираат информации.

Article 8

All information that both parties will receive and acknowledge in the course of the service performance represent business secret and must not be transferred to third parties without written authorization and compliance of the engaged party. The business secret includes, without limitation, the information in material and nonmaterial shape, including information received orally or through any other medium capable of storing information.

Член 9

Првата Договорна страна во својата работа во потполност ќе се придржува на важечките закони и етичките норми кои се однесуваат на заштита на приватноста.

Првата договорна страна е одговорна за безбедноста и здравјето на своите вработени и одговара во случај на каква било повреда на лицата ангажирани од нејзина страна.

Првата договорна страна одговара за штетата која на втората договорна страна, на лица вработени или ангажирани од втората договорна страна или

Article 9

The First contact party will totally abide the valid legal and ethical standards that apply to privacy protection.

The first contract party is responsible for the health and wellbeing of its employees and is responsible in case of any injury of the persons hired from their side.

The first contracting party is responsible for the damage that the second contracting party , persons hired by the second contracted by the second contracting party or third party that will cause damage or persons hired by the first contracting party.

трети лица ќе ја предизвикаат лицата ангажирани од страна на Првата договорна страна.

Член 10

Втората договорна страна се обврзува да ги чува како доверливи, сите информации кои се поврзани со подготовките и извршувањето на услугите како и да ги обврзе сите вработени таквите информации кои евентуално ќе ги дознаат за услугата да ги чуваат како доверливи.

ТРАЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Договорот се склучува за период од 2 (две) година, со можност за негово продолжување и важи од денот на неговото потпишување.

Ако договорот не биде писмено раскинат последниот месец од периодот за кој што е склучен, ќе се смета дека тој е премолчено продолжен за наредна година под исти услови определени во него и без склучување на нов договор.

Двете страни имаат право едностранo да го раскинат договорт во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна со рок од 30 (триесет) дена пред бараниот датум за раскинување.

Ниту една договорна страна не одговара за надомест на штета за едностранo, предвременo раскинување на договорот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Сите евентуални промени на содржината на овој договор, ќе се решаваат исклучиво со писмени анекси на основниот договор, потпишани од двете страни.

Article 10

The Second contract party obliges to keep as confidential, all information connected to service preparations and performance, as well as obliges all employees which eventually will learn find out, to keep them confidential.

VALIDITY AND DURATION OF THE CONTRACT

Article 11

The Contract is concluded for a period of 2 (two) year, with a possibility for its continuation and is valid from the day of its signing.

If the contract is not terminated in writing on the last month of the duration for what it is concluded, will be considered as silent continuation for the following year under the same established conditions and without conclusion of new contract.

Both parties have a right to unilaterally terminate the contract, by delivering written notice send from the other contract party within 30(thirty) days prior to the request termination date.

Neither side is responsible for the damages if contact is terminated from one side , before the agreed validity of the contract.

FINAL PROVISION
Article 12

All eventual content changes of this contract, will be solved exclusively with written annexes of the main contract, signed by both parties.

Член 13

Договорните страни се согласни дека сите евентуални спорови за времетраењето на договорот, ќе се решаваат споразумно со почитување на работните интереси и на едната и на другата договорна страна.

Во случај да не биде постигнато такво решение, спорот ќе се решава пред Основниот Суд во Скопје.

Article 13

The Contract parties are agreed that all eventual disputes regarding contract time period, will be solved mutually for the business interests of both contract parties.

In case there is no mutual solution, the dispute will be solved thorough the Main Court in Skopje.

Член 14

Првата договорна страна е должна:

- да се согласи со сите важечки закони, статути, прописи кои се однесуваат на мито и корупција (релевантни барања);
- да не прифати вклучувањево било каква активност, практика или однесување која вклучува:

·директна или индиректна понуда или давање мито или олеснително плаќање, во замена за неправилно извршување на релевантна функција или со кршење на релевантната должност;

·директно или индиректно барање или примање на мито или олеснително плаќање, во замена за неправилно извршување на релевантна функција или со кршење на релевантната должност; или

·директно или индиректно поткупување на јавен службеник или олеснително плаќање за да влијаат врз нив и да бараат да задржат или да добијат бизнис или предност во работењето,

вакво однесување може да се случи било каде во светот;

- има и ќе ги воспостави, во текот на целиот период на овој Договор, сопствени политики и процедури за да обезбеди усогласеност со релевантните барања и овој член 14 и ќе ги применува онаму каде што е соодветно;

- веднаш да пријави до Рудник САСА за секое барање за каква било незаконска финансиска или друга корист од било кој вид добиена од Првата

Article 14

The First contract party shall:

- comply with all applicable laws, statutes, regulations relating to anti-bribery and anti-corruption (Relevant Requirements);
- not engage in any activity, practice or conduct which includes:

·the direct or indirect offer or payment of a bribe or facilitation payment in return for the improper performance of a relevant function or in breach of a relevant duty;

·direct or indirect request or receipt of a bribe or facilitation payment in return for the improper performance of a relevant function or in breach of a relevant duty; or

·directly or indirectly bribing a public official or making a facilitation payment in order to influence them and seek to retain or obtain business or an advantage in business,

wheresoever in the world such conduct may take place;

- have and shall maintain in place throughout the term of this Agreement its own policies and procedures to ensure compliance with the Relevant Requirements and this Article 14, and will enforce them where appropriate;

- promptly report to SASA Mine any request or demand for any undue financial or other advantage of any kind received by the First

договорна страна во врска со карактеристиките на овој Договор;

- веднаш да го извести Рудник САСА (во писмена форма) ако некој странски јавен службеник стане службеник или вработен кај Првата договорна страна или се стекне со директен или индиректен интерес кај Првата договорна страна и истиот ќе гарантира дека нема странски јавни службеници како директни или индиректни сопственици, службеници или вработени на датумот на овој Договор; и
- во рок од два месеца од датумот на овој Договор, а потоа и на годишно ниво, ќе писмено ќе ја завери Усогласеноста со оваа одредба за Првата договорна страна и сите лица поврзани со него, со потпис од овластено лице на Првата договорна страна. Првата договорна страна ќе обезбеди придружни докази за усогласеноста, доколку Рудник Саса основано ги побара.

Заради целите на член 14, олеснително плаќање е кога плаќањето е направено на поединецот (ите) за рутински функции за да гарантира дека лицето ја извршува својата должност брзо или воопшто ја извршува својата должност.
Не треба да се склучува никаков поддоговор без конкретна антикорупциска анализа извршена од Првата договорна страна.
Првата договорна страна гарантира дека секое лице, поврзано со него, кое врши услуги или обезбедува стоки во врска со овој Договор, тоа го прави само врз основа на писмен договор во кој се наметнати услови, еквивалентни на оние кои се наметнати на Првата договорна страна со член 14 (Релевантни услови).

Првата договорна страна е одговорен за почитувањето и извршувањето на услугите од страна на лицата од релевантните услови, и директно е одговорен пред Рудник САСА за какво било прекршување од тие лица на било кој од релевантните услови.
Прекршувањата на оваа одредба ќе се сметаат за материјално прекршување според овој Договор.

contract party in connection with the performance of this Agreement;

- immediately notify SASA mine (in writing) if a public official becomes an officer or employee of the First contract party or acquires a direct or indirect interest in the First contract party and the First contract party warrants that it has no foreign public officials as direct or indirect owners, officers or employees at the date of this Agreement; and

- within two months of the date of this Agreement, and annually thereafter, certify to SASA Mine in writing, signed by an officer of the First contract party, compliance with this clause by the First contract party and all persons associated with it under this clause The First contract party shall provide such supporting evidence of compliance as SASA Mine may reasonably request.

For the purposes of Article 14, a facilitation payment is where a payment is made to individual(s) for routine functions to ensure that a person performs their duty, either more promptly or at all.

No subcontract shall be entered into without specific anti-corruption due diligence being completed by the First contract party.
The First contract party shall ensure that any person associated with the First contract party who is performing services or providing goods in connection with this Agreement does so only on the basis of a written contract which imposes on and secures from such person terms equivalent to those imposed on the First contract party in this Article 14 (Relevant Terms).
The First contract party shall be responsible for the observance and performance by such persons of the Relevant Terms, and shall be directly liable to SASA mine for any breach by such persons of any of the Relevant Terms.

Breach of this clause shall be deemed a material breach under this Agreement.

Член 15

Одговорни лица за реализација на овој договор се:

- од страна на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица – Марија Стојановска,
- од страна на Ал-Комерц ДОО Скопје - xxxxxxxxxx.

Член 16

Договорот е составен во два (2) идентични примерока, по еден (1) за секоја од страните.

ЗА ПРВАТА ДОГОВОРНА СТРАНА
Ал-Комерц ДОО Скопје

МП.

Управител,
Велика Стојанова

Место и датум: 08.11.2022, Скопје

ЗА ВТОРАТА ДОГОВОРНА СТРАНА

МП.

Управител,
Скотт Јелланд

Article 15

Responsible persons for realisation of this Agreement are:

- from Rudnik SASA DOOEL Makedonska Kamenica – Marija Stojanovska,
- from EKO-TEAM DOO Skopje – xxxxxx .

Article 16

The Contract is composed in two (2) identical copies, one (1) for each party.

FOR THE FIRST CONTRACT PARTY
Al-Komerc DOO Skopje

Director,
Velika Stojanova

Place and date: 08.11.2022, Skopje

FOR THE SECOND CONTRACT PARTY

Director,
Scott Yelland

Прилог 20 Договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување помеѓу Алпак – Еко Доо Скопје и Рудник САСА

alpakeco

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

Согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување, (Сл.Весник на РМ бр.215/21), и Закон за проширена одговорност на производитителот за управување со посебните текои на отпад (Сл.Весник на РМ бр.215/21, склучен е

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување АЛПАК-ЕКО ДОО
Бр. 419/22
14.12 2022 год.
СКОПЈЕ

Рудник САСА ДООЕЛ
Бр. 03-1515/1
14.12 2022 год.
Македонска Каменица

ДОГОВОР
ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Меѓу:
1.**АЛПАК-ЕКО ДОО** Скопје, со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр. 13, 1000 Скопје
ЕДБ: 4080018572093,
Ж-ска: 250-0010038341-96
Депонент: Шпаркасе банка АД Скопје
Застапувано од Управителот Фатмир Ејуб
Во понатамошниот текст како **АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје** или **КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ**, и

2.Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, со седиште на ул.Рударска бр.28 Македонска Каменица,
ЕДБ: МК4030005555532
Ж-ска: 300000002124530
Депонент: Комерцијална Банка
Застапувано од управителот Цхристопхер Бриан Цолбоурне
Во понатамошниот текст **ПРОИЗВОДИТЕЛОТ**

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување е регистрирано како правно лице за постапување со отпад од пакување за што поседува дозвола согласно со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад од Министерството за животна средина и просторно планирање,

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување е правно или физичко лице кое пакува стоки или полни стоки во пакувања, како и произведува или пушта во слободен промет стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и ПРОИЗВОДИТЕЛОТ кој како краен корисник пушта во слободен промет спакувана стока.

Сите дефиниции употребени во овој Договор се во согласност со Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е соработка и збир на активности со кои АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, ги превзема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување, а со цел остварување на националните цели утврдени во истиот закон, соодветно на лиценцираните количини од АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје.

Овој Договор ќе стапи на сила сметано од 01.01.2022 година.

Со потпишување на овој Договор, производителот изјавува дека нема склучено Договор со друг колективен отстапувач.

II.ПРАВА И ОБВРСКИ НА АЛПАК-ЕКО ДОО

Член 2

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје согласно Законот и овој Договор ги превзема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ утврдени во чл. 21 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

Член 3

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување има право, сите обврски отстапени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, а утврдени во чл. 2 од овој Договор, може да ги довери на правни и физички лица кои поседуваат соодветни дозволи за постапување со отпад согласно со Законот за управување со отпад.

Член 4

Заради спроведување на обврските утврдени во Законот за управување со пакување и отпад од пакување АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, има право да наплаќа надомест по тип и количина на отпад кој во вид на Ценовник претставува Прилог 1 на овој Договор.

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, има право надоместокот да го наплаќа од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, од денот на стапување на сила на овој Договор.

Член 5

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, Ценовникот Прилог 1 кон овој Договор, ќе го формира еднаш годишно.

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје е должен да го објави Ценовникот за наредната година најдоцна до 1- ви Декември во тековната година.

Ценовникот ќе важи за период од 01 Јануари до 31 декември за наредната година.

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје го задржува правото, во случај доколку законските околности го налагаат тоа, да го менува Ценовникот и во текот на годината

За секоја промена на Ценовникот во текот на годината, АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, е должен да го извести ПРОИЗВОДИТЕЛОТ најмалку 30 дена пред започнувањето на важноста на новите цени.

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

Член 6

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје е должен да достави фактура до ПРОИЗВОДИТЕЛОТ најдоцна 10 календарски дена по добивање на Извештајот за видот и количините на отпад пуштени на пазарот на РМ од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Износот на фактурата ќе биде пресметан како сума од соодветните количини на отпад од Извештајот, помножени со нивните соодветни единечни надоместоци (по килограм) од актуелниот Ценовник за соодветниот месец за кој што се однесува Извештајот.

Колективниот постапувач е должен најдоцна до 31 јули во тековната година и со годишниот извештај од членот 36 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, да достави известување до стручниот орган за износот и називот на договорен производител кој не го платил надоместокот на КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ најмалку за три месеци

Член 7

Согласно овој Договор и Законот за управување со пакување и отпад од пакување, АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје е должен на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, на истиот да му издаде потврда за ослободување од плаќањето на надоместокот утврден согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

Член 8

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, сите податоци за видот и количината на отпадот пуштен на пазарот на РСМ од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ќе ги добива во вид на Извештај.

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, е должен да изготви образец за Извештатајот од ст.1 на овој член, кој образец е Прилог 2 на овој Договор.

Извештаите кои нема да бидат доставени од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ на Образецот Прилог 2 кон овој Договор, АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје има право да не ги прифати и ќе се смета дека воопшто не биле поднесени.

Член 9

Пред надлежните органи, АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје превзема обврска за постапување само за пријавените и платени количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, а наведени во Извештајот.

Член 10

АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје согласно овој договор и Законот за управување со пакување и отпад од пакување, е должен пријавените и платените количини на отпад од пакување во месечните Извештаи доставени од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ да ги обработува и да ги праќа во форма на квартален, и годишен извештај до надлежните државни органи согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад

Член 11

Согласно овој договор АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, има право заради утврдување на вистинитоста на податоците кои што се предмет на Извештаите доставени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, да побара ревизија на доставените податоци од независно стручно правно или физичко лице.

Член 12

alpakeco

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

Колективниот постапувач е должен при изведување на договорените обврски да ги почитува и применува сите прописи согласно законот за безбедност и здравје при работа и законот за работни односи, како и сите подзаконски акти поврзани со истите и изјавува дека е запознаен и дека ќе се придржува кон барањата и насоките за безбедност и здравје при работа презентирани на воведната обука за изведувачи од страна на Службата за Безбедност и здравје при работа на Производителот.

Колективниот постапувач цело време ќе се придржува кон Планот за управување со безбедност и здравје при работа на Производителот и придружните оперативни процедури, воведените практиките за управување со опасности, ризици и можности, презентирани исто така на воведната обука за изведувачи.

Страните договорно се согласни дека Колективниот постапувач има полна материјална одговорност за евентуални телесни повреди или штета кои ќе бидат предизвикани од страна на лица, ангажирани од негова страна, кон Производителот, кон вработени лица кај Производителот или трети лица при исполнувањето на обврските од овој Договор и полна материјална одговорност за евентуални телесни повреди или штета со последици врз лица, ангажирани од негова страна при исполнувањето на обврските од овој Договор.

Колективниот постапувач од денот на склучување на договорот има должност за Заштита на животна средина.

III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ

Член 13

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно овој Договор и Законот за пакување и отпад од пакување , му ги отстапува на АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје обврските утврдени во чл. 21 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

Член 14

Со овој договор ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да води месечна евиденција во писмена и електронска форма во вид на извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РСМ и за истото навремено и вистинито да го информира АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје. ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува извештаите да ги доставува на образецот за Извештај изготвен од АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, Прилог 2 на овој Договор.

Член 15

Месечните извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ за изминатиот месец, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува во писмена форма , заверени со печат и потпис од овластено лице, да ги достави до АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, најдоцна до 15-ти во тековниот месецот. (Месечните или тромесечните извештаи-писмена или електронска форма)

За вистинитоста на истите одговара ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Член 16

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува заради спроведување на обврските утврдени во чл. 21 во Законот за управување со пакување и отпад од пакување на АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, да му плаќа надомест во согласност со Ценовник кој претставува Прилог 1 на овој Договор.

Обврската на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за плаќање на надоместокот започнува од денот на стапување на сила на овој Договор.

Член 17

Согласно овој Договор, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува уплатата на надоместокот да ја врши на сметката на АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје по претходно доставена фактура и тоа најдоцна 10 (десет) календарски денови од датумот на приемот на истата.

Член 18

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини од Извештајот со денот на стапување на сила на овој Договор, а во согласност со Законот за пакување и отпад од пакување ќе биде ослободен од плаќање на надоместокот утврден во истиот закон.

Член 19

Доколку АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје согласно чл.11 од овој Договор побара ревизија заради утврдување на вистинитоста на податоците предмет на извештаите, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да овозможи увид во целокупната документација и пристап до сите информации потребни за непречено спроведување на ревизијата.

Член 20

Во случај со ревизијата да се утврди дека ПРОИЗВОДИТЕЛОТ во Извештајот прикажал помали количини на отпад од реалните, тогаш ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ќе плати двојна цена од утврдената согласно актуелниот Ценовник, за разликата во количината.
Истото се однесува и за отстапувањата по однос на видот на отпадот од пакување прикажан во извештајот од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Сите санкции изречени од надлежните органи спрема АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, а по основ на отстапувањата утврдени во овој член ќе бидат на товар на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Член 21

Во случај со ревизијата да се утврди дека ПРОИЗВОДИТЕЛОТ во извештајот прикажал поголеми количини на отпад од реалните, тогаш ПРОИЗВОДИТЕЛОТ има право согласно Ценовникот кој важел за периодот за кој се однесуваат податоците да бара поврат на средствата за разликата во количината.

Истото се однесува и за отстапувањата по однос на видот на отпадот од пакување прикажан во Извештајот од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Член 22

Доколку надлежни државни органи утврдат дека АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, во име и за сметка на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ доставил годишен извештај за постапување со отпад од пакување кој содржи невистинити податоци со цел да се смета дека се исполнети националните цели утврдени со Законот за да се избегне плаќањето на надоместокот, а како резултат на давање на нецелосни или неточни податоци од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, во тој случај ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да ги плати законски предвидените казни изречени спрема АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје и кон неговиот Управител.

IV. ДОВЕРЛИВОСТ

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

Член 23

Согласно овој Договор, двете договорни страни се обврзуваат дека сите информации кои ги обезбедиле врз основа на овој Договор, извештаите, ревизијата и ги обележале како доверливи нема да ги пренесуваат на било кое трето лице и ќе ги чуваат како деловна тајна и по раскинувањето на овој Договор.

Овие доверливи информации двете договорни страни можат да ги користат само во случај на спор пред надлежни државни органи.

V.ВАЖНОСТ И ВРЕМЕТРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 24

Овој договор се склучува за период од 2 години сметано од денот на потпишување на договорот.

VI.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 25

Колективниот постапувач е должен да го раскине овој Договор, согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, доколку: ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 6 месеци последователно не го плаќа надоместокот на Колективниот отстапувач согласно овој Договор;
Притоа во случај на раскинување на овој Договор, поради неплаќањето на надоместокот, Производителот не смее да склучи договор со друг колективен постапувач во дадената фискална година за остварување на проширена одговорност за истиот тек на отпад, согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

Колективниот постапувач може да му го раскине договорот на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, доколку 3 месеци последователно не доставува до АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје месечни Извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РСМ согласно овој Договор;

Овој договор може да се раскине и во други случаи предвидени со Закон.

Во случај на раскинување на овој договор од страна на Колетивниот постапувач, истиот е должен да го извести стручниот орган согласно Законот за проширена одговорност на производителот, како и да го објави на својата веб-страница називот и седиштето на договорниот производител на кој му е раскинат договорот.

Доколку производителот сака да го раскине овој Договор, е должен да му достави на колективниот потстапувач писмено известување 6 месеци пред истекот на тековната календарска година, по што ќе започне да тече отказен рок од 6 месеци на овој Договор, па за следната календарска година производителот ќе има право да склучи договор со друг колективен постапувач.

Член 26

Во случај на раскинување на овој Договор без оглед како е предизвикано, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да ги подмири сите финансиски обврски спрема АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, настанати за времетраењето на овој Договор.

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

VII.ОДВОИВОСТ

Член 27

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспроведлив од страна на надлежен суд, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот кој е најблизок до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема на никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

VIII.ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 28

Промени и дополнување на овој Договор може да се направат само во писмена форма со взаемна согласност на договорните страни.

Член 29

Сите идни измени и дополнувања на Законот кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни на овој Договор ќе бидат автоматски имплементирани во овој Договор, за што се согласни и двете договорни страни.

IX.ВАЖЕЧКО ПРАВО И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОР

Член 30

Производителот и Колективниот постапувач се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од Виша сила, предвидена со Законот за облигациони односи.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска навремено или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 10 дена.

Секоја ситуација која не е покриена со овој Договор ќе биде разрешена согласно позитивните законски прописи важечки во Република С. Македонија.

Член 31

Колективниот постапувач е должен:

- да се согласи со сите важечки закони, статути, прописи кои се однесуваат на мито и корупција како и оние што се однесуваат на човековите права и анти ропството и трговијата со луѓе (релевантни барања);

- да не прифати вклучување во било каква активност, практика или однесување која вклучува:

·директна или индиректна понуда или давање мито или олеснително плаќање, во замена за неправилно извршување на релевантна функција или со кршење на релевантната должност;

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

·директно или индиректно барање или примање на мито или олеснително плаќање, во замена за неправилно извршување на релевантна функција или со кршење на релевантната должност; или

·директно или индиректно поткупување на јавен службеник или олеснително плаќање за да влијаат врз нив и да бараат да задржат или да добијат бизнис или предност во работењето,

вакво однесување може да се случи било каде во светот;

- има и ќе ги воспостави, во текот на целиот период на овој Договор, сопствени политики и процедури за да обезбеди усогласеност со релевантните барања и овој член и ќе ги применува онаму каде што е соодветно;

- веднаш да пријави до Производителот за секое барање за каква било незаконска финансиска или друга корист од било кој вид добиена од Колективниот постапувач во врска со карактеристиките на овој Договор;

- веднаш да го извести Производителот (во писмена форма) ако некој странски јавен службеник стане службеник или вработен кај Колективниот постапувач или се стекне со директен или индиректен интерес кај Колективниот постапувач и истиот ќе гарантира дека нема странски јавни службеници како директни или индиректни сопственици, службеници или вработени на датумот на овој Договор; и

- во рок од два месеца од датумот на овој Договор, а потоа и на годишно ниво, писмено ќе ја завери Усогласеноста со оваа одредба за Колективниот постапувач и сите лица поврзани со него, со потпис од овластено лице на Колективниот постапувач. Колективниот постапувач ќе обезбеди придружни докази за усогласеноста, доколку Производителот основано ги побара.

Заради целите на овој член, олеснително плаќање е кога плаќањето е направено на поединецот (ите) за рутински функции за да гарантира дека лицето ја извршува својата должност брзо или воопшто ја извршува својата должност.

Не треба да се склучува никаков поддоговор без конкретна антикорупциска анализа извршена од Колективниот постапувач.

Колективниот постапувач ќе ги почитува сите закони, статути и прописи за човекови права (оние меѓународно признати човекови права изразени во Меѓународната повелба за човекови права и Декларацијата на Меѓународната организација на трудот за основните принципи и права при работа) и ќе ги вклучува таквите одредби во своите зделки со директни подизведувачи како и ќе го извести Производителот доколку стане свесен за прекршување или има сомневање за прекршување.

Колективниот постапувач треба да ги почитува сите важечки закони, статути и прописи за борба против ропството и трговијата со луѓе и да ги вклучува таквите одредби во работењето со подизведувачи, како и да го извести Производителот ако дознае за прекршување или има сомневање за прекршување.

Колективниот постапувач гарантира дека секое лице, поврзано со него, кое врши услуги во врска со овој Договор, тоа го прави само врз основа на писмен договор во кој се наметнати услови,

АЛПАК - ЕКО ДОО

Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје

info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

еквивалентни на оние кои се наметнати на Колективниот постапувач со овој член (Релевантни услови).

Колективниот постапувач е одговорен за почитувањето и извршувањето на услугите од страна на лицата од релевантните услови, и директно е одговорен пред Производителот за какво било прекршување од тие лица на било кој од релевантните услови.

Прекршувањата на оваа одредба ќе се сметаат за материјално прекршување според овој Договор.

Член 32

Одговорни лица за реализација на овој договор се:

1. од страна на Производителот- Марија Стојановска
2. од страна на Колективниот постапувач – Фатмир Ејуб

Член 33

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.
Доколку тоа биде невозможно двете договорни страни имаат право да го префрлат спорот на решавање во Основен граѓански суд Скопје.

Член 34

Договорот е составен во 2 (два) идентични примероци, по еден (1) за договорните страни.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ
АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје
Управител
Фатмир Ејуб

АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ

ПРОИЗВОДИТЕЛ
Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица
Управител
Цхристопхер Бриан Цолбоурне

РУДНИК САСА ДООЕЛ Македонска Каменица